Мевлана Џалал ал-Дин Руми

Скапоцениот камен на водата

Избор стихови

2010

Мевлана Џалал ал-Дин Руми
Скапоцениот камен на водата – избор стихови
Препев од англиски јазик: д-р Ана Пејчинова
Соработник при препев: Фросина Стојковска
Лектура: Снежана Штрковска

Заштитено со лиценцата на Creative Commons 3.0:
Атрибуција – недеривација – непрофитност
2010

Кон препевот

Препевот на македонски јазик потекнува од англиските препеви на Меснавијата и Диванот на Руми од повеќе автори[1], а претежно оние на Коулмен Баркс[2], најпознатиот преведувач на Руми и добитник на голем број награди за препев. Соработката со Џон Мојн, ирански имигрант и професор по лингвистика, му дава веродостојност на неговото толкување на стиховите. Умешноста да ги приближи стиховите на Руми на едноставен јазик и во современ дух направи од неговите збирки бестселери кои постојано се рангираат меѓу најпопуларните книги на поезија во САД и Британија.

Постојат многу независни преводи на Мевлана Руми и секој зафаќа различен агол на поезијата, нудејќи различни толкувања на делото. При поетскиот превод, преведувачот секогаш се соочува со изборот меѓу прецизното значење (транслитерација) и поетичноста на речта (препев). Се решив за поетичноста и однапред го

[1] Целосна листа на онлајн извори на Руми е дадена кон крајот на Предговорот.

[2] „Руми: Избрани песни“ /во ориг. *Rumi: Selected poems*, превод на Coleman Barks со John Moyne, A. J. Arberry, Reynold Nicholson, Penguin Books, 2004. Прва публикација: *The Essential Rumi.* San Francisco: Harper Collins, 1996; Edison and New York: Castle Books, 1997./ „Руми: Мост кон душата“ /во ориг. *Rumi: Bridge to the soul,* превод на Coleman Barks, со A.J. Arberry и Nevit Ergin. New York: HarperOne, 2007./ „Вака, Руми“ /во ориг. *Like This, Rumi*, Coleman Barks и John Moyne, Maypop Books, 1989./ Види и http://www.colemanbarks.com.

предупредувам читателот дека секое поетско толкување на Руми, и моето сигурно, е нецелосно.

Не е тешко да се преведува Руми на македонски. Беше необично да откривам, стих по стих, дека идиомите и јазичните метафори во персискиот јазик се блиски по дух со македонскиот. Освен тоа, во македонскиот јазик имаме зачувано многу зборови од арапско-персиско потекло преку влијанието на турскиот јазик. За илустрација погледнете го оригиналот на следниот двостих:

Ey ziyân u ey ziyân eu ey ziyân u ey ziyân
Hûshyârî dar miyân-e bî-khudân u bî-hushân

Што зијан, што зијан, што зијан, што зијан е,
да не се биде пијан, сред пијани во бессознание.

Поезијата мора да делува, да заразува со занес. „Сакам пламтење, *пламтење*," вели Богот на Руми во *Мојсеј и овчарот*. Се обидов да го пресоздадам распламтениот дух на Руми на македонскиот јазик. Воедно се надевам дека други, повеќе упатени од мене во персискиот јазик и книжевност, ќе се поттикнат да направат поверен превод и попиток препев на овие безвремени стихови.

Оваа книга можете слободно да ја зачувате од Интернет од мојата веб страна http://www.anapejcinova.org. Делото, во електронска и хартиена форма, е заштитено со лиценцата Creative Commons 3.0: Атрибуција-Некомерцијално-Недериативно дело, што значи дека можете слободно да го репродуцирате во сите форми, строго без комерцијална намена и со задолжително наведување на авторството. Сите наведени референци на други автори во делото мора да се репродуцираат. Благодарам!

- Ана Пејчинова
декември 2009, Скопје



Руми – историја, живот и дело

Како што водиш љубов, така и Бог ќе биде со тебе.
- *Месење леб,* Руми

Името[3]

„Руми“ значи, едноставно, “од Рум“, “од Рим“ или “од (Источното) Римско Царство“: така тогашниот исламски свет ја гледал Анатолија, каде Руми ја минал главнината од својот живот.

Полното име му е Мевлана Кодавандгар Џалал ал-Дин Мухамед, син на Баха ал-Дин Валад, ал-Балкхи ал-Руми. Личното име дадено на раѓање му е Мухамед, исто како и татковото име и, се разбира, на исламскиот Пророк. Џалал ал-Дин значи, во превод, „Сјајот на верата“. Името на татко му, пак, Баха ал-Дин, значи, буквално, „Славата на верата“.

Вообичаено е во арапско-персиската култура да се додаваат атрибутативни презимиња според заслугите, титулите или потеклото на личноста. Така, Мевлана, или

[3] Овој Предговор е претежно сочинет според делото на Френклин Д. Луис, „Руми: Сегашност и иднина, Исток и Запад – Животот, учењето и поезијата на Џалал ал-Дин Руми“ (во ориг. Franklin D. Lewis, Rumi: Past and Present, East and West – The life, teachings and poetry of Jalal al-Din Rumi, 2nd and revised paperback ed. Oneworld Publications, 2008, Oxford, UK/.

Маулана, е титула, која буквално се преведува како „Нашиот Учител“. Додека на Западот е познат како Руми, на Истокот е познат како Мевлана, Учителот. Арапскиот збор „Мевлана“ на други места се заменува и со Мевлави, Мовлави и Моулави, или „Мојот Учител“, а во индо-пакистанските области истиот збор гласи „Маулви“. Кодавандгар е персиски збор за „господар“ или „мајстор“, титула со која му се обраќале или го споменувале неговите ученици.

Раѓањето и патувањата

Руми е роден на 30 септември 1207 г., а починал од природна смрт на шеесет и осумгодишна возраст, во 1275-та. Постојат две претпоставки каде точно е роден. Според дел од неговото презиме, Балкх-и, можеби е роден во градот Балкх (денешен Авганистан), во тогашната провинција Корасан во Персиската Империја (денес Корасан е регион во североисточен Иран), или во неговата околина. Според други извори, пак, можно е да се родил во Вакш (денешен Таџикистан), неугледно и претежно анонимно гратче чиј најблизок голем град бил Балкх, Можно е Руми да го користел Балкх како топоним познат за Анатолците меѓу кои живеел.

Корасан и Балкх биле тогаш под превласт на династијата на Кваризмидите (Khwarezm). Историски, околните кралства и владетели редовно војувале за превласт на територијата: монголските освојувачи од племињата Каракитај, воините на Џингис Кан, Гуридите од Бамјан (денешен централен Авганистан) и Газнавидите (династија со седиште во денешен Газни, југоисточен Авганистан) – сите во одредено доба владееле со оваа област, понекогаш по неколку години, понекогаш по неколку децении. Попатно ги ограбувале и разорувале градовите, а поретко ги обновувале и доградувале.

Неколку години пред Балкх да биде конечно разорен во 1221-та, Баха ал-Дин со семејството и следбениците го напуштил родното место и пошол на запад и југ. Имал тогаш над шеесет години и преселбата можеби била мотивирана од страв од војна, од спор со локалната власт, или од потрага по поголеми признанија за ученоста. Малиот Џалал ал-Дин тогаш имал околу пет години, а неговиот постар брат Ала ал-Дин имал седум. Едно време престојувале во Нишапур, значаен центар на персиската култура во Корасан. Семејството потоа отпатувало во Багдад и продолжило на аџилак во Мека. Минале низ Дамаск, Малатија, Ерзинџан, и други големи градови за со време да пристигнат во Анатолија. Џалал ал-Дин тогаш имал веројатно десет години.

Полуостровот на Анатолија до скоро припаѓал на Византиското царство, или западна гранична област на арапскиот цивилизиран свет.

Населението на Анатолија, пред турското освојување, било главно грчко и ерменско, а од доцниот единаесетти век почнало да се населува со туркменски преселнички племиња и турски муслимански доселеници од други развиени градови на арапско-персиската

цивилизација. Политички, Анатолија се состоела од повеќе мали турски владетелства кои го ширеле исламот. Селџуците, ширејќи се на запад преку Мала Азија, не го ширеле само исламот, туку и јазикот, администрацијата, традицијата и културата на Персиската Империја. Културата којашто турските владетели ја развивале била реплика на персиската: персиски везири биле најмувани на дворовите за да ги поучат новопечените владетели на персиска етикеција, дворски обичаи и однесување. Персискиот јазик се сметал за повисок од турскиот, а арапскиот бил и останал јазикот на високата ученост и на религијата. Руми говорел персиски (мајчин јазик), арапски, а во некои стихови има употребувано и турски и грчки јазик или зборови.

Населувањето во Конија

На седумнаесетгодишна возраст, Џалал ал-Дин се оженил за својата прва сопруга Гаур Катун со потекло од Самарканд, ќерка на најценетета ученичка на Баха ал-Дин. Со Гаур имале два сина. Некаде во 1228-9 г., кога таткото Баха ал-Дин имал скоро осумдесет години, семејството и следбениците конечно се вдомиле во градот Конија (Коние, Конја или Коње, денешна Турција). Тука Баха ал-Дин бил назначен за учител во месната мадраса, која веројатно била и суфиско теќе.

Веројатно се населиле токму во Конија бидејќи религиските практики во Анатолија во тоа време биле или слабо познати или не биле практикувани во новоисламизираната област. А таму на Баха ал-Дин и му била понудена позиција, за разлика од великите центри на исламската култура кои ги посетил по пат, кадешто не успеал да се стекне со учителска позиција.

Во овој период, великиот султан Саладин (Сала ал-Дин) владеел со Сирија, а Крстоносните војни надирале во бранови. Битките меѓу арапските, турските, монголските и европските владетели продолжувале со меѓусебни војни. Конија и семејството на Руми, во меѓувреме, уживале период на релативен мир.

Кога првата сопруга му починала во 1229-та, Џалал ал-Дин се оженил уште еднаш, а од новиот брак добил уште еден син и ќерка. Баха ал-Дин починал во 1231-та, а и постариот и единствен брат на Руми починал набрзо, обата во Конија.

Руми станува Учител

После смртта на татка си, Руми го добил неговото место на учител, и покрај младоста – тогаш имал само дваесет и четири години, но веќе го нарекувале Мевлана, „нашиот учител“. Во тоа доба било вообичаено учителските места да се наследни, но стекнувањето со позицијата на учител не значела и престанок на учењето. Така, следниот учител на Руми бил најдобриот следбеник на татко му, Саид Бурхан ал-Дин Мохакик.

Бурхан бил посветеник на постот и молитвата; долго време минал и како пустиник. Се верува дека екстремниот пост му го оштетил и здравјето, но на старост престанал да пости, како што и традицијата налага. Здравите луѓе постеле од седум до четириесет дена, често

изолирани во својата ќелија, со не повеќе од ’ржен леб и вода еднаш дневно.

Бурхан го пратил Руми на дополнителни студии во Дамаск и Алепо, тогашни образовни центри со голем број престижни школи, каде Џалал ал-Дин ги изучувал исламските закони.

Образованието

Во тоа време, исто како и подоцнежните христијански центри на образование, и исламските школи се сосредоточувале на религиските науки. Учените во религијата се нарекувале со групно име ’улама’ и биле авторитети во поглед на правото, ритуалите и верата. Најбитна наука била изучувањето на законите, или фикх (*feqh, fikh*), која го појаснувала или разработувала Шаријатот, основниот исламски закон. Шаријатот не се однесува на политички прашања, туку регулира поширока сфера на човековите делувања од христијанството: така, регулирани се имотното и договорното право, вклучувајќи го бракот (бракот за исламскиот свет е прашање на договор, а не на спој создаден од божја рака), прописите за молитва, пост, аџилак и милосрдие, законите на занаетите, па дури и правото на вода.

Студиите се држеле во мала група од најмногу дваесетина ученици под водство на учител во џамија (овој вид на школа се нарекувал „маџлис“ - *majlis* или „халки“ - *halqe*). Секоја школа, освен најголемите во тогашните главни градови, како Багдад (денешен Ирак), Дамаск и Алепо (денешна Сирија), имала по еден учител.

Во ерата на Селџуците, мадрасите се оформиле како систем на приватни образовни институции посветени на една од четирите главни школи на исламското право. Често мадрасите биле оставнина (вакуф) на богати луѓе.[4] Мадрасите обично се состоеле од една голема заедничка просторија за предавања и повеќе спални за учениците. Покрај учителот и учениците, мадрасите често имале и библиотекар, рецитатор на Куранот, муезин кој повикувал на молитва, хигиеничари, и она што денес би го нарекле административно-финансиски директор. Мадрасите често примале и патувачки предавачи кои оделе од место до место да ги шират идеите на одреден учител.

Школувањето траело четири години, а за оние кои сакале и самите да станат учители, многу подолго. Иако писмото се ценело и опусот на научни дела од арапско-персискиот свет е огромен, преносот на знаење се сметал за главно орална техника, при што на учениците им се советувало во текот на своето школување да научат напамет барем една цела книга од областа на правото или теологијата. И во тоа време имало финален испит и свечена диплома која му овозможувала на дипломецот да влезе во соодветна професија.

Доба на пости

По враќањето на Руми од студии во Сирија, веројатно четири години подоцна, Бурхан го вовел Џалал

[4] Оставнината најчесто вклучувала и стипендија за студентите, како и плата за учителот на мадрасата.

ал-Дин во мистичките аспекти на учењето на татко му Баха ал-Дин.

Бурхан му бил учител на Руми девет години, до својата смрт. После тоа, Мевлана продолжил со екстремни пости во тек на пет години. Се вели дека тогаш Учителот се стекнал со мистични моќи, кои привлекле голем број следбеници околу него. Често неговите следбеници не доаѓале од редовите на моќните и учените муслимани, туку биле, на пример, трговци, занаетчии, жени и друговерци.

Во тоа доба, два суфиски реда веќе биле зајакнати во Анатолија: Бекташите и Кобравите, под влијание на источно-иранските и средно-азиските мистички школи. Не е јасно дали Руми ги изучувал нивните техники и колку бил близок или далечен со нив. Џалал ал-Дин прво учел од татка си, подоцна на татковиот најблизок ученик Бурхан, а на крај од Шамс ал-Табризи. Ниту еден од неговите учители не се приклонувал кон некој од познатите суфи или школи на добата. Биле неврзани и се потпирале врз своите мистички визии. Вдахновението на Руми, она по кое го познаваме денес, дошло од инакво место.

Шамс од Табриз

„Шамс“ значи „сонце“ на арапски јазик. Полното име на воспеаниот Пријател на Руми е Шамс ал-Дин Табризи, што значи „Сонцето на верата од Табриз“. Историјата едвај го споменува, но Руми му гради апотеоза во своите дела.

Табриз (денешен Иран), родниот град на Шамс, бил дом на голем број персиски поети во средниот век. Овој град имал традиција на суфизам уште од 888-та година од новата ера. Многу гробници во старите делови на градот сè уште носат напис со претставката „Дада“ или „Деде“, титула што означува Учител или духовен Мајстор на суфиите. Со титулата „Баба“ се нарекувале суфиските оци. Според легендите, 480 светци се закопани таму и нивниот дух сè уште се среќава во градот во облик на црвени и зелени гугутки. Во своите *Белешки*, Шамс опишува сеќавање од детството кога еден близок суфиски учител го вртел во медитативниот танц сема.

Од седумдесеттите до деведесеттите години на минатиот век, личните белешки на Шамс биле постепено откривани и преведувани од персиски на турски јазик, а во 2000-та Френклин Луис за прв пат ги претставил на англиски јазик за западниот свет. Оваа единствена пишана оставнина на мистериозниот лик на Шамс, кому Руми му го припишал својот поетски глас, го открива како елоквентен, а едноставен и моќен говорник. Необичниот дервиш бил учен во филозофија и теологија, но не ја ценел ученоста, туку интуитивноста и страсната вљубеност во бога. За него не Коранот туку живиот Учител бил тајната книга која го водела ученикот кон бога. Учителот „е книгата... тој е стихот, тој е писанието,“[5] вели тој во своите *Белешки.*

Според Мевлевиите, редот на следбеници на Руми основан по неговата смрт, Шамс имал шеесетина години кога дошол во Конија. Претходно живеел повлечено и

[5] *Белешки* на Шамс од Табриз: 18, во ориг. *Maqalat*, во Луис, стр. 136.

скромно и патувал анонимно ширум арапско-персискиот свет. Се издржувал со приватни часови и подучување на деца да го читаат Коранот, а дури и со ткаење на пертли, кога набрзина му требале пари. Уште од дете, вели за себе, имал необичен духовен апетит и инстинктивна склоност кон пост.

Преданијата го опишуваат како харизматичен Каландар, дервиш кој талкал во потрага по Пријателот. Каландарите биле еден од неврзаните дервишки редови од тоа време. Овие си ги бричеле лицата и главите и патувале од град до град сами или во мали групи, често однесувајќи се во јавност со намерни провокации и глумење лудило. Важеле за гласни вознемирувачи на секојдневието, но и прекрасни љубеници со каризма, чија моќ на љубовта, според легендите, предизвикувала безредие и преврати во сè што ќе допреле. Каландарите проповедале напуштање на законите и нормите на однесување и препуштање на страсна вљубеност во бога.

Поезијата на Руми често делува во тој дух: страст над разум, мистичен хаос над човечки поредок, убавина над морал. „Испиј си ја *сета* страст и биди срамота,“ вели тој во *Заедница на духот.*

Суфиите

Мевлана Руми не е основач на суфизмот, како што често се верува. Тој е духовен татко на суфискиот ред на Мевлевиите[6] основан по неговата смрт, а суфизмот постоел столетија пред него.

Зборот „суфи“, според Луис, најверојатно потекнува од „суф“ (*suf*), волнена кошула или наметка која ја носеле раните исламски дервиши. Ова езотерично движење во муслиманството започнало уште во седмиот век на новата ера, а се формализирало во исламски ред дури во дванаесеттиот и тринаесеттиот век. Суфиите практикуваат мистичко муслиманство, познато под името тесавуф (*tasawwuf),* или „духовен пат“*.*

Тесавуфот се состои од практика на аскетски вежби (*zahd*) слични со оние на христијанското монаштво од сириските пустини и на гностиците, со траги од индиски медитативни практики: пости и откажување од физичките задоволства (храна, вино, секс и сон), мантри (наједноставната мантра била повторување на зборот ’боғ’ со визуелизација на срцето на молитвеникот), вежби на дишење (со силно издишување со звукот „Ху“, спомнат во *Детска игра*), повлекување од светот, раздавање на имотот, и аџилак (пеш по пустините до Мека), како и мистички расправии блиски до зороастријанизмот, манихеизмот, будистичките и индиските теозофски учења.

Слично на индиските чакри, суфиите препознавале суптилни енергетски центри на спознавање во телото (*Lata’if-e-sitta*). Сметале дека личноста на човекот е неговото „пониско јас“ (*nafs*), водено од духовна интуиција или срце (*qalb*) кон човековиот дух или душа (*ruh*). Во зависност кој аспект превладува во човекот, се раѓа

[6] Редот се нарекува Мовлави на арапски, а во македонскиот јазик се познати како Мевлеви, според турскиот изговор на истиот збор.

тиранин (кога пониското јас владее над срцето и над духот), верник (кога срцето владее) или духовник (кога духот вљубен во бога се слејува со божественото и ги растопува пониското јас и срцето во бога).

Додека повеќето муслимански школи веруваат дека дури после смртта верникот ќе му се приближи на бога, суфиите веруваат дека во овој живот и ова тело човек, воден од неподелена љубов кон бога, може да се пресоздаде себеси во првотниот божествен облик.

Нивните школи, или престојувалишта, се нарекувале канека (*khaneqah*) - престојувалиште, ребат (*rebat*) - тврдина, завие (*zavie*) – светилиште, или теќе (текија, *takye, tekke*) – милосрдна религиозна установа. Обично една канека била водена од еден учител, просветлен суфи: ваквите учители биле нарекувани со титулите шеик (владетел), пир (светец), или вали (божји пријател). Најголемите учители биле сметани за духовни столбови на своето време (*qotb*), кои ја спроведувале и распостилале светата енергија околу себе како сонца.

Улогата на Учителот за суфиите била клучна, бидејќи се сметало дека искуственото учење лежи во личниот пример, а не во пишани зборови. Учителот му задавал одредени техники на ученикот во согласност со неговите духовни потреби, исто како што лекар посебно го дијагностицира секој пациент и му препишува специфична терапија. Учењето траело со години и почнувало со служба во домот на учителот или во теќето. На пример, почетниците служеле како помошници во кујната која ги хранела сиромавите во населбата. Со тек на време, на ученикот му се наложувало да се стави во служба на

болните и сиромавите, за да се научи на понизност и кроткост. Напредните ученици биле воведувани во духовните техники и испраќани во изолација на подолго време. Најдобрите ученици влегувале во тесниот круг околу учителот, којшто им дарувал свечена дервишка руба, воедно симбол дека имаат право самостојно да го шират неговото учење во други градови. Вака учењата се ширеле, со дервиши[7] кои патувале и го ширеле зборот на своите учители од теќе во теќе, од град во град.

Целта на ова дисциплинирано учење била лично проближување кон бога во кое суфи „се сеќава“ (*dhikr*) на бог. Животописите на познатите суфи не се разликуваат од оние на христијанските светци: полни се со чуда, мистични способности, визии на бога и оностраниот свет, пророштва, невозможен број следбеници и слично.

Суфиите не сметале, како уламата, дека изучувањето на Коранот и Хадитите (толкувања на Законот) е нужно за приближување кон бога, но многу од нив биле учени и во законите и науките. Формалното образование го сметале едноставно за недоволно, бидејќи надворешното почитување на законите, според нив, не ја искажува внатрешната намера (ниет, *niyat*) на сторителот, којашто е пресудна за движењето кон или од бога. Надворешниот закон, фикх, ги владее делата, а внатрешниот закон го владее срцето. Исто, надворешните фактори, како јавното признание, социјалната положба и статус, ги сметале за опасни: некои суфи, слично на јуродивите од руската христијанска традиција, намерно се

[7] „Дервиш“ (турски), или „дарвеш“ (персиски) буквално значи „врата“ во смисла на „премин“.

однесувале на луд или срамен начин во јавност, за смеата и отфрлањето на заедницата да ги спречи да не попаднат во илузија на самоважност и суета. Најмногу суфии не оделе до таму, туку се сосредоточувале на аскетско-медитативна практика и достигнување на сè повисоки скалила во духовниот напредок.

Покрај Баха, Бурхан и Шамс, и Руми се приклонува кон гностиката и директното искуство:

> Писмото на суфиите нема мастило и збор
> Содржи само срце бело ко снежен нанес.[8]
> ...
> Би шарал ли некој преку писмо,
> би насадил ли фидан среде шума?
> Брате, биди почва непосеана,
> биди бела хартија ненапишана.[9]

Самиот Шамс, учен и во исламско право и во дервишките практики, советува едноставно: „Треба да се трудиш да спознаеш ’Кој сум јас, што е мојата суштина? И чуму сум дошол овде и каде одам и кои ми се корените и што правам во овој миг и на што тоа се сосредоточувам?’“[10]

Персискиот збор за “искуство“, интересно, етимолошки потекнува од зборот “вкус“, “вкусување“, исто како и во македонскиот јазик. Суфиите се посветувале на интуитивно и искуствено спознавање, или љубење, на

[8] Меснавија 2:159; *Ibid*., стр. 140.
[9] Меснавија 5:1961-3; *Ibid*, стр. 140.
[10] *Белешки* на Шамс од Табриз: 24, во Луис, стр. 316.

бога. Крајната цел им била прелевање на личноста во океанот на божјата свесност, исто како што вљубениот се прелева во љубеното, на крајот на духовната битка за бог во себе, која ја нарекувале и „великиот џихад“, наспроти понискиот облик на џихад за физичко ширење на Исламот.

Семата (*sama, sema*) е суфиска духовна техника и церемонија при која суфиите заедно танцуваат на музика, а може да е пропратена и со рецитирање стихови. Ова е еден вид на групна медитација која поттикнува состојба на транс во учесниците, со цел да се опие личноста со чувство на свето заедништво и слеаност. Токму оваа практика, за време на Руми и подоцна, била причина за честите обвинувања за ерес, бидејќи музиката и танцот биле поистоветувани со дворска забава, робинки-танчерки, пиење вино и разврат. Исламскиот закон, во основа, не ги забранува овие практики, иако сигурно не ги поддржува. Од друга страна, на суфиите им било дозволено да пристапат на церемонијата сема дури после години дисциплина на духот, постење и изолација, при што опивната вредност на семата го превладува ограниченото владеење на разумот и ја разгорува единствената преостаната страст – онаа кон бога.

Интересно е што состојбата на опиеност од божјето присуство во себе (*fana, sokr*) водела до понесени изјави како “Јас сум Вистината“ или „Слава ми“, коишто се сметале за ерес меѓу порационалните фундаменталисти. Односот меѓу суфиите и традиционалната улама често бил немирен и променлив токму поради ова. И Руми и неговите следбеници биле изложувани на скепса и обвинувања за ерес, посебно поради експлицитните

приказни на Мевлана и двосмислените стихови за виното и љубовта, кои можат да се толкуваат и на буквален и на алегоричен начин. Денес, муслиманството официјално го прифаќа Руми единствено во алегорична интерпретација и ги негира можните толкувања дека тој говорел за телесна љубов и вистинско вино во своите песни.[11]

Видот на исламот (Суни или Шиа) и правната школа на која ученикот се приклонувал не биле важни за неговото примање во суфизмот. Учениците понекогаш и не биле муслимани, а и на жените им било дозволено да ги следат предавањата на учителите. Постојат пишани сведоштва дека и женски ученици учествувале во сема.

Сепак, понекогаш и суфиите ја користеле мантијата за да прикријат неморално однесување, како претерана склоност кон вино и расипност, или склоност кон момчиња. Шамс ова јасно го осудува во своите *Белешки*.

Денес, суфизмот е исто познат под името „тарикат“, или „духовен пат“. Овој термин го користат и дервишите од постоечкото руфајско теќе во Скопје. Во Македонија, според Горазд Калеов, „првите тарикати доаѓаат со ширењето на Отоманската Империја. Во зенитот на Отоманската Империја во Македонија активно работеле сите 12 дервишки редови - тарикати. Со повлекување на Турците од Балканот се повлекуваат и поголемиот дел од дервишите, меѓутоа во наследство оставаат култура и преубави објекти како што е бекташиското теќе во Тетово.

[11] Темата е отворена за дискусија и зависи од читателот како ќе ги толкува неговите стихови. Во македонскиот превод се обидов да ја задржам двосмисленоста на значењето.

Денес во нашата земја егзистираат 8 тарикати и тоа кадриите, руфаиите, алветиите, шазелиите, садиите, бајрамиите и нивниот огранок синаниите. Поголемиот дел од нив не се активни меѓутоа некои од нив како руфаите и садиите постојат со стабилно членство...“ [12] Интересно е да се спомене дека Хаџи Бекташ, основачот на бекташкиот ред од тринаесеттиот век, изгледа потекнува од редот на Каландарите, на кој Шамс најверојатно припаѓал. „Дервишот и смртта“ на Меша Селимовиќ е напишан за дервиш од редот на Мевлевиите.

Средбата со Руми

Шамс барал учители, но и брзо ги напуштал штом ќе забележел несклад меѓу она што го велат и она што го прават. Според него, прв пат се сретнале со Руми во Дамаск, кадешто Џалал ал-Дин бил на студии, но Руми му се видел сè уште неразбуден на Шамс, па не му се обратил, иако му ја препознал величината. Руми воопшто не спомнува вакво нешто. Туку, Шамс тврди дека подоцна сон го навел да го бара долго посакуваното пријателство на светец, или Пријател, во Анатолија.

Барал Пријател, бидејќи бил, наводно, уморен од себеси.[13] Според преданијата, Шамс се молел за некој кој “би го издржал неговото друштво.“ Некаков глас му се јавил на Шамса, “А што ќе дадеш во замена?“ “Својата

[12] Горазд Калеов, „Со телото во Јајапаша, со душата кон бога“, дневен весник „Вест“, бр. 185, 17-ти февруари, 2001 г. Достапно на http://star.vest.com.mk.

[13] *Белешки* на Шамс од Табриз: 99, 219-20, *Ibid*, стр. 154.

глава!“ „Оној кого го бараш е Џелалудин од Конија,“ му одговорил гласот. Наводно гласот го предупредил Шамса дека ќе ја изгуби главата поради Пријателот. Многу подоцна и Мевлана ја опишува зделката на љубовта по цена на животот:

Би сакал да те бакнам.
Цената на бакнежот е твојот живот.
Сега мојата љубов трча кон мојот живот со повик,
Каква зделка, купуваме!

Шамс пристигнал во Конија на 29 ноември, 1244 година. Кога се сретнале со Руми, Шамс му поставил прашање за занесот и понизноста[14], на кое Руми одговорил понесено и точно – двајцата духовни учители миговно се препознале, според природата на прашањето и одговорот. Велот се кренал и Руми го одвел Пријателот дома.

Оттогаш биле неразделни и минувале часови и денови во заедничка медитација, пост и сема, мошне често изолирани од учениците и следбениците на Мевлана. Според преданијата, тие се префрлиле во еден свет на чисти, мистички разговори, наречени собет (sohbet)[15]. Нивното пријателство е мистерија сама по себе. Минувале месеци заедно, наводно, без никакви човечки потреби. Нивниот сооднос не бил на учител и ученик, иако секој од нив го воспева другиот како единствен шеик на светот. Дружбата со Шамс предизвикала темелни промени во сфаќањето на Руми за духовноста и побожноста. Покрај религиските и аскетските практики, се јавува подлабоко ниво: љубовната прослава на врската меѓу Љубовникот (човекот) и Љубовта (Бог), карактеризирана со неопислива среќа и безгранично болен копнеж.

Тешко е да се изрази љубовната димензија на Руми со човечки јазик врзан со подмет, предмет и глагол. Најдобро би било да се каже дека љубовта е сите три одеднаш, и подметот и предметот и глаголот кој ги врзува, а актот на љубовта е слевањето на овие три во едно. Љубовта, вљубениот, љубовникот, и љубењето стануваат заемно заменливи зборови.

Битно е да се спомене дека Руми не зборува за љубовното *задоволување*. Напротив, благо го исмева. Во *Врека за храна* вели, „ Храната за вљубениот е љубовта по лебот, не лебот. / Никој што навистина љуби не го сака постоењето.“ Според Мевлана, Љубовникот е во состојба на сеопфатно *чезнеење*, жед за љубеното, кадешто чистата жед е светата опиеност. Таа жед му го чисти срцето на вљубениот и љубовниот занес му го превладува рационалниот ум. Сè се слева вљубено во љубењето само.

[14] Не е сосема сигурно што точно било прашањето, но според најверодостојните преданија, Шамс прашал кој бил поголем, Пророкот Мухамед или суфистот Бестами, бидејќи Бестами рекол, „Колку е голема мојата слава“, додека Мухамед признал во својата молитва кон бога, „Не Те познаваме колку што би требало“. Руми ја слушнал длабочината од која ова прашање извирало и се вели дека паднал на земја од сознанието. На крај успеал да одговори дека Мухамед бил поголем, бидејќи Бестами голтнал една голтка од божественото и тука сопрел, а за Мухамеда патот постојано се отворал и ширел.

[15] Види ја песната *Ноќен разговор* за илустрација.

„Кога си Вљубен,“ вели Руми во Диванот[16], „телото, умот, срцето и душата не постојат. Стани ваков, Вљуби се, и не ќе бидеш поделен веќе.“ Ова е коренот на мислата на Руми, поетот на љубовниците и мистиците како што го познаваме денес.

Во неговата поезија, чести се игрите и потсмевањата со учените теолози и со религиозните луѓе кои ја следат само надворешната форма на обожување. Во *Два вида на трк*, Руми го споредува нивниот мотив и духовно движење преку приказната за слугинката-љубовница и господарката-сопруга кои една по друга трчаат кон господарот:

Слугинката трчала од љубов.
Жената трчала од страв и љубомора.
Има голема разлика.
Дервишот лета од миг во миг.
Богословот, плашлив, се влече од месец во месец.

Оваа длабинска промена во Учителот сигурно била помогната и од практиката на сема, медитативното вртење на музика и рецитација, во која Шамс го упатил Џалал ал-Дин. За семата Шамс напишал, „Танцот на божјите луѓе е лек и достоинствен. Ко ливче што плови на водната површина. Од внатре е ко планина, цел ланец планини, а однадвор ко сламче“[17]. Шамс му објаснил на Руми дека

[16] Шарам Шива: „Молчи, ништо не му вели на Бога“ /во ориг. Shahram Shiva, „Hush Don't Say Anything to God: Passionate Poems of Rumi“, Jain Publishing, 1999. Извор: http://www.mikeshane.org/rumi.

[17] *Белешки* на Шамс од Табриз: 623; во Луис, стр. 204.

семата ја засилува секоја друга дервишка вежба, а дека била забранувана поради силните опивни последици. Семата ги разгорува страстите на духовниците кои чезнеат по бога, но и на духовно недисциплинираните кои во последица го губат здравиот разум и чинат неморални или социјално штетни дела. Руми така вели и за виното, во *Зошто е виното забрането*:

Ако оној кој пие вино
има длабока нежност во себе,
ќе ја покаже
кога се опива.
Но ако скрил гнев и вообразеност,
овие ќе се појават,
а бидејќи повеќето луѓе се такви,
виното на сите им е забрането.

Руми ја прифатил семата и ја практикувал до крајот на својот живот. Се вели дека вдахновението за илјадниците стихови што ги создал му доаѓало при сема. Денес „дервишите кои се вртат“ се дел од турската суфиска традиција и амблем на оваа култура.

Ритуалот на семата се врши во група, кадешто дервишите се вртат на десното стопало околу сопствената оска и едновремено еден околу друг (постојат варијации кадешто се вртат во еден или два концентрични круга, или средишните дервиши се држат со сплетени раце). Движењето се одвива на суфиска музика, а ритамот на музиката и на вртењето постепено се зголемува, сè додека дервишите не попаднат во екстатичен транс, во кој, се

вели, можат да го искусат блаженството на сеповрзаноста. Во текот на танцот, тие симболично ги разголуваат градите, а дланките ги усмеруваат десната нагоре, а левата надолу – спој меѓу небесното и земното. Патеката на вртењето се толкува и како отелотворување на планетарните и ѕвездените патеки, на месечините (учениците) околу сонцето (шеикот), а и на атомската структура. Самото вртење претставува враќање кон суштината, кон Бога, „одвртување“ на постоењето кон првобитната Стварност (мистичното „присуство“ во стиховите). Облеката на дервишите носи силна симболика на смртта на изолираното сопство: белата одора ја симболизира смртта, црната наметка гробот, а високата капа надгробниот камен.[18]

Шамс го научил Руми на задоволство од животот и слобода среде живеењето. Иако бил познат по непредвидлив и често непријатен табиет, Шамс гледал чиста убавина во светот: „Се чудам на овој стих од Хадите: ’Овој свет е затвор за верниците.’ Не гледам никаков затвор! Сум видел само задоволство, сум видел само драгоцености, сум видел само среќа“[19]. За милоста божја и духовниот пат напишал, „Милоста е преобилност, така да

[18] За прецизен опис на семата и нејзината симболика види „Антологијата на суфизмот“ од Ева де Витре-Мејерович (ориг. Anthologie du soufisme”, Eba de Vitray-Meyerovitch, Sindbad/Actes Sud, 1995), во превод на Е. Трпковска, македонско издание на Табернакул (2009).

[19] *Белешки: 317* на Шамс од Табриз; Луис. стр. 201. Исто рекол, „Ниту еден стих на Пророкот (Мухамед) не ме мачи, освен овој: ’Овој свет е затвор за верникот.’ Не гледам никаков затвор и прашувам, каде е овој затвор?!“ (Белешки: 610, *Ibid.*).

се каже, преобилност на сè. Не се задоволувај со тоа што си учен, речи *Сакам повеќе* – повеќе од тоа да бидеш суфи, повеќе од тоа да бидеш дервиш – повеќе од што и да се јавува пред тебе“[20]. За учената теологија немал многу трпеливост: „Чуму да трошиш време одгатнувајќи што постоело пред постоењето? Божјето знаење е длабоко. Будалче, ти си длабок. Ако постои длабина, таа е во тебе“[21].

На почетокот на нивното пријателство, Шамс го прекорувал Руми за одредена надменост – додека првиот седнувал во секоја чајџилница и продавница и разговарал со секого, вториот се движел само во учените кругови со кои дискутирал право и теологија. Шамс го поучувал Руми да чини наместо да чита. Читањето се прелеало во пишување и делување дури откако најтешката лекција дошла: заминувањето на Шамс.

Крајот на Шамс

Откако се сретнале, Мевлана во потполност му се посветил на Пријателот. Руми ги запоставувал своите ученици скоро две години, кога овие почнале да реагираат со љубоморни и злонамерни оговарања, а со време и со отворени навреди и голење бодежи пред Шамс.

Шамс, затоа, заминал во Сирија во март 1246-та, само една и пол година по пристигнувањето во Конија. Но Руми, наместо да им се врати на учениците, уште повеќе се повлекол во себе и се предал на страсно пишување

[20] *Белешки* на Шамс од Табриз: 221, *Ibid.*, стр. 200.

[21] *Белешки* на Шамс од Табриз: 221, *Ibid.*, стр. 143.

поезија. Со време, учениците се покајале и Руми го пратил сина си Султан Валад да го повика назад Шамс. Шамс прифатил и се вратил со Султан Валад во Конија. Радоста на Руми немала крај. Се славело неколку дена со сема. Шамс дури и се оженил со една девојка одрасната во домаќинството на Мевлана, која, меѓутоа, наскоро се разболела и умрела.

Иако Мевлана продолжил со јавната служба и кога Пријателот бил во градот, сето приватно време го минувал отсечен од следбениците и учениците, а по враќањето на Шамс уште повеќе одошто порано. Мирот не траел долго. Додека Руми и Шамс се препуштале на сема и сохбет, учениците повторно попаднале во љубомора. Заканите и обвинувањата се вратиле.

Запишано е дека Шамс му рекол на Султан Валад дека следниот пат не ќе исчезне во Сирија, туку во воздух. Набрзо потоа, Шамса навистина го снемало. Едно утро во 1248 година, Руми отишол во собата на Шамс во мадрасата и ја нашол празна. Отрчал да го разбуди сина си Султан Валад да го бараат шеикот. Не го нашле. Гневен и болен од љубов, Џалал ал-Дин ги прекинал сите односи со оние за кои верувал дека заговарале против Шамс. Дури и заминал во Дамаск со верните ученици да го бараат Пријателот, но по неуспешните претраги, се вратиле во Конија. Неколку години подоцна, Руми повторно заминал за Сирија во долга потрага по Шамс, но никогаш повеќе не го сретнал својот Пријател.

Постојат неколку претпоставки за наглото и необјаснето исчезнување на Шамс. Некои веруваат дека тој бил убиен од страна на учениците на Мевлана. Можеби

еден или обата негови синови биле починители или заверници, бидејќи не можеле да ја наследат учителската позиција на татка си со Шамс во близина. Едно од бекташките преданија вели дека Султан Валад го убил Шамса од неиздржлив срам поради виното и танцот при семата во која учествувале и жени, па дури и женските членови на нивната фамилија. Изгледа дека Ала ал-Дин, другиот син на Руми, бил и директно обвинет за исчезнувањето на Шамс, по што на подолго време заминал во изгон со семејството. Сепак, самиот Руми не верувал во ваквите спекулации: во подоцнежните писма нежно и со пофалба му се обраќа на Ала ал-Дин и го моли да се врати во Конија. Нема показател дека односот со Султан Валад кога и да е се пореметил. Факт е дека Мевлана во ниту едно од своите писанија не спомнува убиство. Освен тоа, најголем дел од приказните за убиството на Шамс се создадени стотина години по смртта на Руми и навлезени се во усното предание на Мевлевиите, од каде наоѓаат пат во пишаните дела и општоприфатените, иако не нужно вистинити, верувања и книги. Претпоставките за убиството на Шамс се во голема мера порекнати со современите истражувања и споредбената историја. Френклин Луис уверливо го дискредитира и турското археолошко „откритие“ на гробот на Шамс, кој всушност припаѓа некому друг.

Легендите и преданијата не запираат со завереничко убиство: исчезнувањето на Шамс се поврзувало и со неговите мистични моќи. Во гностичката терминологија, тој се нарекувал патник-„птица“, а не патник-„пешак“, од двата вида на духовни движења

коишто во тоа време се практикувале. Бил исто познат и по талкачкиот табиет - никаде не се задржувал долго време. Така, можеби Шамс навистина „одлетал“ во друг простор, со природни или натприродни моќи, и повторно се повлекол во анонимноста којашто ја имал навлечено како наметка пред да го сретне Руми.

Трет фактор што се јавува била и духовната димензија на одраснување на ученикот. Како дел од менторството, Шамс и претходно го имал напуштено Руми за да го турне понатаму во духовниот развој. Мевлана го опишува осамостојувањето во *Одбиј се од дојката*:

Малку по малку, одбиј се од дојката.
Ова е суштината на она што имам да ти го кажам.
Од зачеток, чија храна доаѓа во крвта,
премини во бебе што млеко пие,
па во дете на цврста храна,
па во трагач по мудроста,
па во ловец на поневидлив плен.
...
Го прашуваш зачетокот зошто останува
склопчен во мракот со затворени очи.
Чуј му го одговорот.
Нема „друг свет.“
Го знам само она што сум го искусил.
Тебе мора да ти се причинува.

Што и да се случило, и ден денешен исчезнувањето на Шамс останува мистерија. Никогаш не се нашло телото на Шамс, оружјето со кое наводно бил убиен, или сведоштва кои директно би го именувале убиецот.

Најверојатно е дека Шамс пошол кон родниот Табриз и умрел по пат во местото Куи. Постои песна во која Руми навестува дека добил абер од Шамс наскоро по неговото исчезнување. Сепак, токму стиховите на Руми напишани после таа песна се полнат со горка жалост и веќе не му се обраќаат на Шамс: веројатно по аберот стигнала и веста дека Шамс, кој веќе бил во одминати години кога се сретнале со Мевлана, починал.

Руми бликнува

Заминувањето на Шамс, после првотната болка и очајната потрага по Пријателот, имале на крај катарзична моќ врз Руми. Го нашол љубениот во себе. Во *Видов како добрината се опива* вели:

Реков, Шамс од Табриз, кој си ти?
Тој рече, јас сум ти, јас сум ти, јас сум ти.

Мевлана ги водел и поучувал другите како Шамс што би чинел – не да бараат љубов, туку единствено да ги бараат и најдат сите брани во себе што самите ученици ги изградиле за да ја спречат љубовта во себе. Го гледал светот низ очите на Шамс и пишувал низ устата на Шамс:

Погледни низ очите на Шамс
во водата
која е сета скапоцен камен.

(Од *Посебно јадење*)

Поезијата претекувала. Десетици илјадници стихови сочинил до крајот на својот живот. Руми бликнал и преплавувал, без да бара причина или возврат:

Без причина Господ ни го дал Битието;
без причина, возврати го дарот.
(во *Дар без причина*)

Она што најсилно плени кај Руми е карактеристичниот занес преполн со кроткост, недовршеноста на совршенството, незнаењето – да се биде спокоен со сета несигурност на отворената ранливост и потполното предавање во љубовта:

... Зборови ли се ова или солзи?
Липањето говор ли е?
Што да чинам, љубов моја?“
(Од *Имам пет нешта да кажам*)

-

... Рашири ги рацете
ако сакаш да те прегрнат....
(Од *Заедница на духот*)

Песнава. Никогаш не знам што ќе речам.
Не ја обмислувам.
Кога сум вон нејзината реч,
мошне сум тивок и ретко воопшто зборувам.
(Од *Кој ли говори низ мојата уста*)

Наследниците

Неколку години по исчезнувањето на Шамс, Руми го одбрал својот наследник, своето духовно огледало, во ликот на ученикот Сала ал-Дин Фаридун Заркуб. Сала ал-Дин бил син на турски или грчки рибар од околината на Конија, кој се обучил за златар. Пред Руми, му бил ученик на Бурхан, од кого ја презел страста за пост. По заминувањето на Бурхан од Конија, Сала ал-Дин станал следбеник на Руми. Откако Руми се уверил дека Шамс засекогаш заминал, новиот посветеник на песните станал Сала ал-Дин, во некои стихови тврдејќи дека Шамс се вратил во ликот на златарот. Но повторно учениците и следбениците го нападнале новиот доверлив Пријател на Руми, овој пат поради неговата наводна неукост и неречитост, или поради тоа што го знаеле од дете и не им се видел доволно исклучителен или свет.

Наскоро на Руми му било доста од јавни предавања и служби и сè повеќе му го отстапувал водството на Сала ал-Дин. Конечно му ја предал и позицијата на учител во мадрасата во Конија. Овој пат, јасно е ривалството меѓу Султан Валад и Сала ал-Дин, во кое Султан Валад попушта по наредба на татка си, а и поради тоа што му бил зет на Сала ал-Дин. Има и докази за завера против Сала ал-Дин, која не се остварила. Десет години траел релативниот мир во Конија, кога Сала ал-Дин се разболел и починал во декември 1258 година.

За следниот шеик во Конија бил назначен Челеби Хосам ал-Дин („Мечот на Верата“) ибн Аки Торк, кој или бил Курд или имал курдска крв во себе. Неговата приказна

е интересна, како и заслугата за воспоставувањето на некаков ред во раснечката школа на Руми. Хосам бил син на водачот на локалното братство во Конија: „аки“ значи „брат“, а ибн Аки Торк се преведува како „син на Братот Турчин“. Вакви братства се формирале меѓу трговците, занаетчиите и војниците. Некои братства застапувале рицарско однесување и високи вредности, додека други повеќе наликувале на урбани банди. Имале доста голема моќ во заедницата, а членовите редовно му го предавале дневниот приход на старешината на братството. Кога татко му на Хосам починал, членовите му го понудиле нему водството. Наместо тој да ги поведе, ги одвел кај Руми и им наредил нему да му го предаваат својот дневен приход. Го распродал имотот, ги навел сите домашни и следбеници и тие истото да го сторат, и на крај потполно му се приклонил на Мевлана. Уште за времето на Шамс, бил назначен за нешто како финансиски директор на школата на Руми, која во меѓувреме прераснала во институција со многу добра и домаќинства врзани за неа.

Кога некој го запрашал кој е највреден меѓу тројцата Пријатели, Руми одговорил дека Шамс е како сонцето, Сала како месечината, а Хосам како ѕвездите. Кога Руми го назначил Хосам за водач на школата и главен учител, учениците овој пат не се бунеле, поучени од горките искуства во претходните два случаи. Следните десет години владеел мир. Уште подобро, Хосам бил заслужен што Руми ја сочинил Меснавијата. Ова дело било негова идеја, која Руми ја прифатил некаде во 1261 година. Хосам го запишувал она што Руми го говорел, а потоа му го пеел и повторувал на Руми за да го исправи и одобри запишаното. Откако првиот том на Меснавијата бил завршен, Хосам го корегирал и уредил до крај. Клучната улога која Хосам ја играл во сочинувањето на поезијата на Руми е непобитна: кога сопругата му починала и Хосам се повлекол во жалење по неа, Руми не напишал ниту збор сè додека, две години подоцна, Хосам не му се вратил. Затоа и Хосам се привикува како муза на почетокот на секоја Меснавија.

Меснавијата се состои од наративни стихови со поучна намена. Шест тома се сочинети до смртта на Руми на 17 декември 1273 година.

Преданијата велат дека четириесет дена пред неговата смрт, силни земјотреси ја потресле областа. Мевлана ова го објаснил како глад на земјата за сладок залак. Преданијата, исто, велат дека два најдобри лекари неуспешно се обидувале да го дијагностицираат, и на крај го запрашале Руми самиот да им каже од што боледува. Учителот им одговорил дека едноставно сакал да почине. Имал радосен однос кон смртта: „Смртта е живот и овој живот е смрт...“[22]

Испуштил душа во самрак. Следниот ден, следбениците и семејството му го пронеле телото на носилка низ градот и долга процесија се создала зад нив: мажи, жени, деца, сиромаси и благородници, муслимани, христијани, Евреи, Грци, Турци и Арапи. Сите учествувале во четириесетдневната жалост по Мевлана. Наскоро потоа изградена е Зелената купола под која Мевлана и денес лежи, во ореов саркофаг изрезбарен со негови стихови:

[22] *Диван*: 3172, *Ibid.*, стр. 224.

„Кога ќе умреме, не барајте ни го гробот во земјата, туку најдете го во срцата човекови.“

Мевлевиите

После смртта на Учителот, Хосам ал-Дин, како назначен наследник, ги водел Мевлевиите без некои превирања во следните дванаесет години, до крајот на животот. Го воспоставил обичајот секој петок после молитва да одржува читање на Меснавијата пропратено со сема. По него, Султан Валад застанал на чело на Мевлевиите, како трет и последен кој ја носел титулата „Нашиот Учител,“ или Мевлана, по дедо му Баха ал-Дин и татко му Џалал ал-Дин Руми.

Султан Валад успешно ги водел Мевлевиите и бројот на следбениците се зголемил толку што градот Конија не можел веќе сите да ги издржува. Затоа новиот Мевлана назначил духовни водачи во сите градови со значителен број на следбеници на Руми, кои настапувале како негови заменици. Вакви духовни ќелии со време се основале низ цела Анатолија. Со воспоставувањето на мрежа на учители, организација, хиерархија и систем на авторитет и автентичност, Султан Валад е во голема мера заслужен за одржувањето и ширењето на Мевлевиите до денешен ден. Последниот Мевлана починал тивко, ноќта на 11 ноември 1312 година, на шеесет и осум годишна возраст. Погребан е крај татка си.

Пред да ја напуштиме историјата, мошне интересно е да споменеме дека двете ќерки на Султан Валад, обучени суфии, станале духовни водачи на женските следбеници на Руми. Последователните водачи на Мевлевиите потекнувале од линијата настаната од брак меѓу семејствата на Сала ал-Дин и Руми.

Делата

Опусот на Руми се дели на прозни и поетски дела: прозните дела се состојат од предавања, служби и писма, а поетските дела се лирската збирка „Делата на Шамс од Табриз“ или Диван („Диван-е Шамс-е Табризи“) и наративното пеење „Духовни куплети“ или Меснавија („Маснавие Маснави“).

Диванот содржи околу 35.000 римувани двостиси и 2.000 катрени на персиски, 90 газали и 19 катрени на арапски, како и дваесетина двостиси на мешан турски и персиски, и уште 14 куплети на мешан грчки и персиски. Меснавијата е речиси непрекинато наративно пеење од шест дела (или шест пеења) кое го осликува светогледот на Руми: се занимава со теологија, теозофија, дидактички приказни и анегдоти. Најверојатно обете збирки се сочинети во триесетте години по заминувањето на Шамс, што е сепак сведоштво за изобилна творечка моќ. Стилот е главно говорен, со излети во високо-образуван јазик и повремено во вулгарен уличен говор. Познато е дека Руми умеел и да пцуе и да колне, иако помалку од Шамс, и да раскажува еротски експлицитни шеги. Вакви песни и приказни се вклучени во оваа збирка, а интересно е да се забележи *отсуството* на овие делови од Меснавијата во вообичаените современи избори на стихови од Руми.

Не се смета дека сите песни, приказни и идеи се дело на Руми. Позајмувањето било сосема вообичаено во тоа време, без атрибуција на авторот. Исто, и препишувачите можеле да испуштаат и додаваат стихови, намерно или по грешка. За да се одреди авторството на одредени пеења, често се користи една од конвенциите во персиско-арапската поезија, која се потпира врз уметничко име или тајниот потпис на авторот во стиховите. Мевлана имал два такви потписа: Шамс од Табриз, кому ги припишувал своите песни, и „Khamush!“, што може да се преведе како „Стишај се!“ или „Молкни!“, збор кој означува и тишина и крај на болка, или болна немоќ на зборовите да го изразат вкупното доживување на авторот.

Најголем дел од приказните во Меснавијата е позајмен од други извори, но ниту една позајмена приказна не е оставена недопрена: Руми или го менува крајот, или потенцира некои навидум небитни делови, или додава толкувања среде приказната кои сосема го менуваат или надградуваат првобитното значење. Приказните се арапски, персиски, индиски[23], од Стариот Завет, од преданијата и од историјата, од познатите поети од тоа време – од секаде зајмел и на сѐ што ќе позајмел му давал свежо, инакво значење.

Збирката од седумдесет и еден говор и предавања на Руми во оригинал е наречена „Fike ma fih“, или „Што е, внатре е“ - во буквален превод, а „Книга за внатрешното“ - според описниот превод[24]. Формалните делови од говорите, поздравите и молитвите се изоставени, а само интересните и необични делови се запишани. „Седумте служби“ се збирка, како што насловот кажува, на седум формални поучни служби, веројатно одржани во џамија, кои му се припишуваат на Мевлана, а се занимаваат со етички и верски прашања. „Писмата“ на Руми се исто зачувани во збирка, појаснувајќи ја сликата за Мевлана како човек со множество контакти и обилна комуникација со учениците, семејството, државниците, дарителите и благородниците во Анатолија.

[23] Индиската збирка Панчатантра била преведена на персиски и позната уште пред времето на Руми.

[24] Според де Витре-Мејерович, стр. 347.

Сексуалноста и виното на Мевлана

Исто како и татко му, и Џалал ал-Дин ја сметал брачната сексуалност за божји дар, иако постот вклучувал и воздржување од односи. Постои анегдота во која втората жена на Руми се жалела на слугинките дека од толку пости како никаква мажественост да не останала во мажот ѝ и дека долго време не ја ни погледнал. Според преданието, истата вечер Руми ја потфатил со скоро натприродна страст и издржливост, додека исцрпена, самата не побегнала од него на покривот на куќата. Сексуалноста за Учителот не е одделна од светоста, туку напротив, е нејзина слика и дел: „Како што водиш љубов, така и Бог ќе биде со тебе,“ вели тој во *Месење леб*.

Слично е и со виното. Виното не било стриктно забрането, но не било ни одобрувано во заедницата. Било сосема вообичаено во меаните, ановите и на владетелските дворови. Некои суфии го одобрувале виното, додека други го користеле зборот како симбол на

мистична опиеност. Опиеноста значи препуштање на божјето присуство, губење на рационална контрола над сонцето внатре и изблик од радост при препознавање и слевање со љубената светост. Разликата меѓу внатре и надвор, меѓу јас и ти, дури и меѓу човек и бог, се ништи во прелевање. Дали Руми пиел вино или не, не е јасно, но прашање е дали е тоа и толку битно.

Зачувани се советите на Шамс против употреба на хашиш и против содомија, како и неодобрување на љубовта кон млади момчиња. Педерастијата била честа во тоа доба, исто како во античка Грција, меѓу возрасни мажи и безбради момчиња кои често биле заведувани или дури и принудувани на сексуален чин. Руми ги осудувал педерастите и проповедал заштита на жените и младите момчиња од сладострасни напасници.

Меѓутоа, во современо доба односот меѓу Руми и Шамс често се става под прашање од оваа страна. Сепак, хомосексуалните долгорочни пријателства меѓу зрели луѓе не биле толку ретки, а ниту биле осудувани така како страста кон незрели момчиња. Нема непоговорни докази дека нивниот однос бил чисто платонски или дека не бил. Според коментарите и животописите, најверојатно е дека нивниот однос бил духовен, но не и сексуален. Френклин Луис смета дека можноста четириесетгодишниот Руми да започнал први хомосексуални односи со шеесетгодиниот Шамс, обата религиозни посветеници на пост, молитва и исламски закони, е доста неверојатна.

Нека читателот не ја зема здраво за готово огромната љубов којашто Мевлана ја изразува за Шамс, за Пријателот, или за неименуваното љубено. Треба да се има предвид уште една древна поетска конвенција: во персиската поезија често е накитено и хиперболизирано воспевањето на андрогин љубовник, со намерно неодреден пол, или опишан како божествен владател, принц, или воин.[25] Ова значи дека обожуваниот едноставно има моќ над вљубениот, значи има машки активни квалитети, додека обожувачот е во пасивна, женска положба, на кроток восхит и копнеж. Поради непознавање на поетската традиција, конвенции и култура на древна Персија, Арабија или Грција, опевањето на машката убавина е често еднозначно и погрешно толкувано како сексуално додворување. Духовноста ја вклучува и еротичноста и страста и сласта, но задоволувањето, според Руми, не е духовен подвиг.

Поезијата и духовното наследство коишто Мевлана ни ги оставил, според мене, се далеку побитни од прашањето на неговата лична сексуална ориентација. Подобро е да се каже дека Руми е љубовник на љубовта сама, со необична способност и сила да се препушта во вљубеноста. Инспиративниот модел, Пријателот, Љубеното, биле во втор план: повод, не причинител ниту учинок. Љубеното е звонко ехо кое ја отпушта лавината на заслепувачки сјајна љубов, но громадната планина е самиот поет.

[25] За обилни примери како претходниците и следбениците на Шамс ја користат истата конвенција на воспевање на Пријателот и Љубениот со, навидум, безглав и страсен занес, види ја „Антологијата на суфизмот“ од де Витре-Мејерович.

Руми и исламот

Иако Руми е денес познат како мост меѓу религиите и меѓу верниците и атеистите, тој бил учител и практичар на муслиманството. Меѓутоа, религијата ја толкувал на оригинален начин, инклузивно и со изразена мистичка ориентација. Неговата верзија на исламот е либерална и отворена во таа мера што исламските теолози влегувале и сè уште се повремено во конфликт со суфиските учења и практики. Во поезијата на Руми чести се референци кон Куранот, Законите и деловите на Стариот Завет кои исламот ги споделува со христијанството и хебрејството. Чести се референците кон Хадитите (*Hadith*), исламската теологија и делата на муслиманските мистици и поети од тоа доба, како Сана'и и Атар.

Според повеќе извори, Руми се сметал за Суни Муслиман, ги обдржувал „петте столба на Исламот": израз на верата (*Shahadah*), петтократна дневна молитва (*Salah*), аџилак во Мека (*Hajj*), рамадански пости (*Sawm, Siyam*), и помош на сиромасите (*Zakat*). Од друга страна, се сметал за нешто безимено, над секоја вера:

Ниту христијанин, ниту Евреин,
ниту муслиман, ниту хиндус,
будист, суфи, или зен. Ниедна вера
ниту обичај.
...
... Моето место е безмесно,
трага на бестрагата. Ниту тело ниту душа.
ѝ припаѓам на вљубеноста, сум ги видел обата света
како еден и тој еден го повикувам и го знам,
прв, последен, надворешен, внатрешен, само тој
здив кој дише човечки битија.
(Од *Само здив*)

Неговата религија била и останала Љубовта, со силна и безвремена инспиративност потврдена од огромниот број поклоници на неговата реч, низ столетијата и денес.

Руми во други облици

Читатателот можеби ќе посака да прочита повеќе од и за Руми. „Антологијата на суфизмот" од де Витре-Мејерович содржи одреден број на стихови од Мевлана. Поради честата непристапност на странски книги во Македонија, ги препорачувам следниве електронски извори достапни на Интернет: веб-страницата на Шахрам Шива: http://www.Rumi.net; веб-страницата на Шахриар Шариари со персиски оригинали: http://www.zbnet.com/rumi; веб-страницата на Видовитите поети: http://www.poetseers.org; веб-страницата на Мајк Шејн: http://www.mikeshane.org/rumi/; http://www.rumi.org.uk; http://www.khamush.com; http://www.rumionfire.com; http://www.gloryofpersia.com и целата Меснавија: http://www.dar-al-masnavi.org и http://www.sacred-texts.com/isl/masnavi.

Постојат и популарни рецитации на Руми, како онаа на Дипак Чопра, со суфиска музика во позадина. Дела од Руми, инспирирани од него или во врска со него има и на

Фејсбук, Твитер и МајСпејс. Ако посакате да го слушнете оригиналниот јазик, ритам и созвучје на стиховите на Руми, постојат повеќе онлајн извори на ЈуТјуб – пребарајте го „Rumi" и уживајте. А сега, поезијата....

Виното, меаната

Кој ли говори низ мојата уста?

Цел ден го мислам ова, а потем ноќе го кажувам,
од каде ли дојдов овде и што ли треба да правам?
Немам претстава.
Душата ми е од другаде, сигурен сум,
и со ниет сум таму да завршам.

Ова пијанство отпочна во некоја друга меана.
Кога ќе се вратам таму,
ќе бидам сосем трезен. А сега,
ко птица сум од туѓо поднебје,
си седам во овој птичјарник.
Доаѓа денот кога ќе одлетам,
туку кој сега во увово ми го слуша гласот?
Кој тоа говори со мојава уста?

Кој гледа низ моиве очи? Што е душата?
Непрестано се чудам.
Да можев да вкусам само голтка од одговорот,
ќе побегнев од оваа зандана за пијаници.
Не дојдов овде по своја волја,
та ниту можам сам да заминам.
Кој и да ме донел овде ќе мора и дома да ме врати.

Песнава. Никогаш не знам што ќе речам.
Не ја обмислувам.
Кога сум вон нејзината реч,
мошне сум тивок и ретко воопшто зборувам.

Сосем во ред

Имаме огромна бочва вино, но не и чаши.
Тоа е сосем во ред, ако нас нѐ прашате.
Секое утро сјаеме
и навечер сјаеме пак.

Велат дека нема иднина за нас. Во право се.
Тоа е сосем во ред, ако нас нѐ прашате.

Детска игра

Почуј го Санаи
поетот пустиник: „Не талкај надвор по патот
опиен. Преспиј во меаната.“

Кога пијаниот заталкува на улица,
децата си играат мајтап со него.
Паѓа тој во калта.
Трга насекаде и кадегоде.
Децата го следат
без да го знаат вкусот на виното, без да знаат како
е да си опиен. Сите луѓе на земјава
се деца, освен неколку малубројни.
Никој не е возрасен освен слободните од страсти.

Бог рекол,
„Светот е игра, детска игра,
а вие сте децата.“
Бог ја зборува вистината.
Ако не сте ја оставиле детската игра,
како може да сте возрасни?
Без чистина на духот,
ако сè уште сте среде сладострастие и алчност
и други желби, како деца сте
што си играат водење љубов.
Се препелкаат
и се тријат едно од друго, но тоа љубов не е!

Исто е и со војните на човештвото.
Кавги се со божемни мечови.
Бесмислени, сосем бесплодни.

Како деца на дрвени коњчиња,
војниците тврдат дека го јаваат Борак,
доратот на Мухамед,
или Дулдул, неговото муле.

Твоите дела не значат ништо,
љубовта и војната што ги водиш.
Се држиш за панталоните и се џилиташ наоколу,
ти-ра-ри, ти-ра-ра.

Не чекај да умреш за ова да го узнаеш.
Препознај дека твојата вообразба и твоето мислење
и твоите сетила се трски
што децата ги сечат и се прават божем им се коњи.

Познанието на вљубениците е инакво.
Искуственото, сетилното, уката
се како магаре натоварено со книги,
или како шминка врз женска шминка.
Се брише.
Но ако правилно го подигнеш својот товар, ќе те израдува.
Не го носи товарот на знаењето од себичност.
Порекни ги жедбите и своеглавоста,
и можеби вистински ждребец ќе се појави под тебе.

Не задоволувај се со *зборот ху*,

со само зборови за тоа.

Искуси го *тоа дишење*.
Од книгите и зборовите доаѓа мечта,
а понекогаш, од мечтата доаѓа единство.

Посебно јадење

Забележи како секое делче се движи.
Забележи како секој овде туку што од пат стасал.
Забележи како секој бара различна храна.
Забележи како ѕвездите исчезнуваат на изгрејсоце
и сите потоци течат кон морето.
Види како готвачите готват посебно јадење
секому по желба.
Погледни ја оваа чаша што може да содржи море.
Погледни ги оние кои го гледаат лицето.
Погледни низ очите на Шамс
во водата која е
сета скапоцен камен.

Новото правило

Старо правило е дека пијаните
мора да се кавгаат и тепаат.
Вљубениот исто е за никаде. Паѓа во дупка.
Туку долу во дупката наоѓа нешто што сјае,
повредно од какви и да е пари или моќ.

Вчера вечер месечината дојде
и си ја стргна облеката на улица.
Го сфатив тоа како ишарет да запеам,
да паднам угоре во чинијата на небото.
Чинијата се крши. Секој паѓа насекаде.
Нема што да се стори.

Еве го новото правило: скрши ја винската чаша
и падни кон здивот на стаклодувачот.

Видов како добрината се опива

Ме однемало,
никаква жед за вино,
за никадијата прашај ме,
не знам каде сум.
Понекогаш се нуркам до морското дно,
понекогаш се искревам
како Сонце.
Понекогаш ја забременувам вселената,
понекогаш ја раѓам.
Камениот нишан на мојот живот
е никадијата,
Не пасувам другаде.
Ова сум јас:
измамник и пијаница,
лесно е да ме најдеш
во меаната на Љубовниците.
Јас сум оној кој вика „е-ја“.
Ме прашуваат зошто
не се однесувам пристојно.
Велам, кога ќе ја откриете
својата вистинска природа,
тогаш ќе се однесувам
како што ми прилега на годините.
Вчера вечер, видов Добрина
како се опива.
Мрмореше и рече,

Баш сум една напаст, жива напаст.
Стотици души повикаа, но
ние сме твои, твои сме, твои сме.
Ти си светлоста
што на Мојсеј му проговори и му рече,
Јас сум Бог, јас сум Бог, јас сум Бог.
Реков, Шамс од Табриз, кој си ти?
Тој рече, јас сум ти, јас сум ти, јас сум ти.

Постојан разговор

Кој е најк'сметлија од сите свирачи? Трската.
Нејзината уста ти ги допира усните да научи да свири.
Сите трски, посебно шеќерната, само на тоа мислат.
Се нишаат на дршките,
како ли инаку да танцуваат?

Без тебе свирките би умреле.
Една седнува близу до тебе. Друга прима долг бакнеж.
Тамбурата моли, *Допри ми ја кожата да постанам јас.*
Да те осетам како влегуваш во секој мој дел,
коска по коска,
она што умре вчера може да зацели денес.

Зошто да живеам потрезвен
и да те сетам како осекуваш?
Нејќам.
Или дај ми доволно вино или остави ме на мира,
сега кога знам како е да се биде
во постојан разговор со тебе.

Имам пет нешта да кажам

Љубовникот се буди и направо ѝ говори на љубената,
„Ти си небо под кое духот мој кружи,
љубов во љубовта, место на воскреснување.

Нека овој прозорец ти биде уво.
Многупати губев свест
од копнеж по твојата тишина што слуша
и по усмевот кој дамарот го забрзува.

Внимаваш на најмалите нешта,
моите сомнителни сомнежи и на најголемите нешта.

Знаеш дека златниците ми се божемни,
а сепак ги прифаќаш,
мојата безобразност и преправање!

Имам пет нешта да кажам,
пет прста да ти предадам
на милост.

Прво, кога не бев со тебе,
светот не постоеше,
ниту некој друг.

Второ, што и да барав
секогаш тебе те барав.

Трето, зошто ли научив да бројам до три?

Четврто, нивата ми гори!

Петто, овој прст е за Рабија,
а овој за некој друг.
Има ли разлика?

Зборови ли се ова или солзи?
Липањето говор ли е?
Што да чинам, љубов моја?“

Така тој говори и сите околу него
заплакуваат заедно, се смеат безумно,
јачат во единството на вљубениот и љубената
што се шири.

Ова е вистинската вера. Сите други
се отфрлени преврски крај неа.

Ова е *сема* на ропството и господарството
заедно во танц. Ова е не-постоењето.

Ниту зборови, ниту природни факти
не можат ова да го изразат.

Ги знам овие танчери.
Дење-ноќе им ги пеам песните
во овој чудесен кафез.

Душо моја, не обидувај се да ми одговориш сега!
Најди си пријател и сокријте се.

Но што може да остане скриено?
Тајната на љубовта секогаш ја подава главата
од под покривките,
„Овде сум!“

Заедница на духот

Има една заедница на духот.
Придружи ѝ се и сети ја радоста
на прошетка по развревена улица
и на *бидување* врева.

Испиј си ја *сета* страст
и биди срамота.

Затвори ги обете очи
да видиш со другиот вид.

Рашири ги рацете
ако сакаш да те прегрнат.

Седни во кругов.

Престани да се однесуваш ко волк
и осети ја љубовта на овчарот како те исполнува.

Ноќе, љубената твоја лунsа.
Не прифаќај утеха.

Затвори ја устата за храна.
Вкуси ја љубената уста во својата.

Офкаш, „Таа ме остави.” „Тој ме остави.”
Уште дваесет ќе дојдат.

Испразни се од грижи.
Мисли на оној кој мислата ја создал !

Зошто остануваш во затворот
кога вратата е ширум отворена?

Испетлај се од јазолот на исплашени мисли.
Живеј во тишина.

Потечи сѐ удолу по завоите на битието
сетне што се шират.

Зошто е виното забрането

Кога мисловниот зрак на Пророкот
го погодил тапчото крај него,
човеков мошне се орасположил и се разџагорил.

Наскоро почнал непристојно да бунца.
Ова е маката со занесот
дојден пребрзо,
        како и со виното.
Ако оној кој пие вино
има длабока нежност во себе,
ќе ја покаже
        кога се опива.
Но ако скрил гнев и вообразеност,
овие ќе се појават,
        а бидејќи повеќето луѓе се такви,
виното на сите им е забрането.

Пијаница

Пијан си,
а и јас сум опиен.
Нема кој да ни го покаже патот до дома.
Сè ти велев,
не пиј де толку многу.
Знам, никој во градов не е трезен,
кој од кој полош,
еден избезумен, друг полуден.

Ајде, пријателе, влези во меаната на урнатините,
вкуси ја животната сладост на друштвото на пријателот.
Овде во секој агол ќе видиш пијаница,
а прислужникот уште тури носи.

Излегов од куќи, пијаница ми пријде,
еден чиј поглед откри
сто дома во рајот.
Разбрануван, беше едро,
без котва, а беше зависта
на сите трезвени што остануваат на копно.

Од каде си, го запрашав;
се потсмевна и рече,
половина од исток,
половина од запад,
половина од вода и земја,
половина од срце и душа,
половина на копно
и половина вгнездена во бисер.

Го молев, земи ме за пријател,
јас сум ти род.

Тој рече, немам рода во туѓина;
си ги оставив бочвите и влегов во меанава,
имам само ковчег полн зборови,
но ниту еден не можам да изговорам.

Надвор, страста на тревата

Од сега натаму славеите
ќе појат за нас како седиме надвор,
кајшто ветрот ѝ ја крева косата на врбата
и ја заигрува.
Господ знае што си велат тогаш
еден на друг.

Платанот ги подава широките дланки
во слава на полјаната,
а разбира толку малку
од страста на тревата.

Ја прашувам розата, Од каде таква кожа?
Се смее. Како може да одговори?

Опиена е, но не доволно за тајни да издава,
не е толку безобразна ко мене.

Талкај со пијаници ако сакаш да знаеш
што тајни кријат.

Ќе ги отворат устите злато полни
и ќе излеат обилие.

Има вино што достасува
во градите на дервишот
и глас таму што те кани
на гозба.

Човечките гради можат млеко да дадат,
но и вино, а има и течение едно таму
што приказни прикажува.

Слушај, ко млекото што го примаш,
потоа виното, па приказните.

Одложи ги шапката и наметката.
Прозбори од величественоста сама.

А сега стишај се.
Малкумина ќе чујат.

Најчесто бакарот не се претвора во злато
за никаков камен на филозофите.

Принеси му ги своите зборови на Шамс.
Сончевина нека се смеша со јазикот
и нека биде свет.

Љубовта, Пријателот

Дар без причина

Љубовта е безглаво смела; не разумот.
Разумот бара добит.
Љубовта преплавува,
се согорува себеси, незасрамена.

А сепак, во мака,
Љубовта стапи ко воденичен камен,
тврдокорен и направ.

Веќе умрело гајлето за себе,
Таа ризикува сè и не бара ништо.
Љубовта го прокоцкува секој дар од Бога.

Без причина Господ ни го дал Битието;
без причина, возврати го дарот.

Во оваа нова љубов умри

Во оваа нова љубов умри.
Патот ти започнува од другата страна.
Стани небо.
Потегни му секира на затворскиот sид.
Побегни.
Излези ко некој штотуку роден во боја.
Ајде, сега.
Покриен си со густ облак.
Искрадни се. Умри
и биди тивок.
Тивкоста е најсигурниот знак
дека си умрел.
Стариот живот ти беше безглав бег
од тишината.

Полна месечина, нема,
изгрева сега.

Вреќа за храна

Еднаш еден суфи здогледува вреќа за храна закачена за клинец.
Почнува да се врти и да си ја кине кошулата, велејќи,
Храна за она на што не му треба храна!
Илјач за глад!

Огнот во него се разгорува и други му се придружуваат,
викаат и јачат во љубовен плам.

Некој безделник им дофрла, „Па тоа е само празна мешина.“

Суфито вели, *Оди си. Го сакаш она што нам не ни треба.*
Ти не си вљубеник.

Храна за вљубениот е љубовта по лебот,
не лебот. Никој што навистина љуби
не го сака постоењето.

Вљубените немаат ништо со постоењето.
Збираат печалба без влог.

Без крила, а сепак прелетуваат преку светот. Без раце,
а победуваат во топка на ливада.

Оној дервиш ја помирисал стварноста
и сега плете кошнички од чиста пројава.

Љубовниците креваат шатори на полиња од никаде.
Сите по боја се како таа ливада.

Доенчето не го познава вкусот на печеното месо.
За духот, бесхран мирис е храна.

На Египјанинот, Нил му изгледа крвав.
На Израелитот, бистар.
Што е широк пат за едниот е пропаст за другиот.

Каде сме?

Невидлива птица прелетува,
но фрла брза сенка.

Што е телото? Таа сенка на сенката
на твојата љубов, што некако ја содржи
сета вселена.

Човек спие со тежок сон,
а нешто ко сонце просјајува низ него,
ко прекрасен раб извезен под ракавот.

Се превртнува под покривката.
Секоја слика е прелага:

Чист црвен камен на вкус е сладок.

Бакнуваш убава уста и клуч
се завртува во бравата на твојот страв.

Изговорената реченица се изострува како сечило.

Мајката-гугутка си го бара гнездото,
прашува каде, *гу?* Каде, *гу*?

Каде што лавот почива.
Каде што секој маж и жена одат да плачат.
Каде што болните одат во надеж за оздравување.

Каде што ветар се крева да помогне во вршидбата
и истовремено понесува лаѓа на пловидба.

Каде што сите велат, *Само Господ е стварен.*
Ја-ху! Каде зад *каде.*

Светлото брдило на ткајачот молска наваму-натаму,
на исток и на запад, *Каде-сме?, Гу гу? Каде? Гу гу.*
Како сонцето да вели *Каде сме?*
додека ткае прашувајќи.

Мислиш дека знам што правам?

Мислиш дека знам што правам?
Дека за еден здив или полуздив си припаѓам себеси?
Исто колку што перото знае што пишува,
Или колку што топката може да погоди каде ќе се оттркала.

Чиста тишина

Овој пат дојдов
да си ги изгорам трњата,
да си го прочистам животот,
повторно да служам
во градината.

Доаѓам во плач до овие води
да се кренам над страсти и судови.

Погледни ме во очи. Овие солзи
се твоја трага.

Ќе ја скратам песнава,
оти остатокот нејзин
се кажува во светот
внатре, во нашите очи.

Ја познаваш ли оваа тишина?
Не е како онаа во твојата одаја
кога немаш со кого да разговараш.

Ова е чиста тишина,
не како онаа што се спушта
кога живи пци јадат мртов пес.

Мешано јаболко

Едно мало јаболко од мешана сорта,
полу-црвено, полу-жолто,
ја раскажува својата повест.

Еден љубовник и љубеното се разделуваат.
Тоа што се разделени е една работа,
како се носат со тоа е друга.

Љубовникот поболува и побледува.
Љубеното се вцрвува и се возљубува.

Трн сум крај розата на мојот господар.
Се чиниме двајца, но не сме.

Единствената обврска

Денес ново лудило
се обидува да нѐ ослободи,
ни ги кине вреќите.

Некој безимен Бедуин
повторно го откупил Јосифа
за осумнаесет пари.

Нарцис никне низ почвата.
Нашите души, на испаша цела ноќ
на јасмин, ѝ скокаат во пресрет на зората.

Светот е нов, а ти си избран
да ја кажеш оваа песна,
оти имаш љубовни загризи на телото.

Љубовта твоја нѐ донесе до оваа тишина,
каде единствената обврска ни е
леко да чекориме по полјаната
и да гледаме.

Го гледам ликот

Го гледам ликот
што дом ми беше.

Љубовта моја вели,
Сѐ ќе оставам за него.

Душата ја зафаќа биење
ко музика да свири.

Разумот ме прашува, Како се вика
оваа дабова сила што исправа
сѐ што вудве е сколчено?

Се менува сѐ во ова присуство.
Ерменците и Турците веќе не знаат
кој е кој.

Душата вездeн се отвора навнатре.
Телото го напушта телото.

Незамисливо благо
тече низ тебе.

Не бери гајле што туѓинците велат.
Скриј се во својот таен срцев дом,
во таа купа тишина.

Говорот, без оглед колку кротко звучи,
е всушност своевидно фалење.

Нека тишината биде
твојата уметност.

Ко смоква

Кој ја претвора горчината во љубов?
Кој ја претвора змијата околу твојот врат
во бисерна ниска?

Милостивиот владетел кој врагот го претвора во милосник,
кој погребот го претвора во гозба,
а вроденото слепило во сепрозорливост.

Оној кој го извлекува трнот од твојата дланка
и ти положува перниче од рози под глава.

За некого, тој пали оган.
За друг, пламењата расцветуваат
во жар-рози околу челото.

Истиот кој ги пали ѕвездите им помага
на оние кои никому веќе не ќе помогнат.

Она што се нарекувало грев
се расејува како декемвриски лисја
и исчезнува во заборав.

Амин, вели, *знаеш кој*, радоста
внатре и надвор. Ко смоква,
ова присуство е сето слатко.

Восхит што е снага
во раката и стапалото
и *стварност* на душата.

Ја испраќам сега љубовта да јава во сончевината
и да им го пренесе овој спомен за Шамс на оние
кои верно чекаат дома во Табриз.

Узда и слобода

Чаша сум ти во раката.
Погледни ме во очи и ќе видиш
дека по облик сум чаша
во бестелесна рака.

Земјата е пренаселена со потомци
од Адам и Ева. Сите се тие слики
на оваа безоблична љубов,
која знае што им треба на пустинското зрно песок,
на морската капка,
која вездeн се отвора и затвора
во твоето срце.

Гледај како терачот го обучува магарето,
де го зауздува, де го ослободува,
му дава вода и јачмен,
за штом тоа го чуе неговиот глас
или свирка, да ги начули ушите,
да ја заврти главата.

И љубовта истото нам ни го прави.
Де нѐ зауздува, де нѐ ослободува.

Ги провираме главите
низ решетките на кафезот, но телото
не може да прођде. Велиме,
чунки крилјата не ни чинат.

Постои еден возглед кој е пламен.

Го кажувам ова за оние
кои по нас ќе живеат.

Ти си сув трат.
Оваа љубов не ја одложува
твојата преобразба во оган.

Те води по тајни патишта
каде разумот не ти помага.

Очите на Мухамед се склопени сега.
Звуците на кавалот стишуваат.

Овие зборови можеби не се чиста вистина,
но содржат сила
која можеш да ја искористиш.

Кога сонцето изгрева,
си забележал ли како некои ѕвезди,
мислам човечки битија,
блеснуваат посилно?

Едно нешто згрешив

Птицата во кафезот на градиве
возбудено првка.

Мојата луда камила ја трга ортомата.
Лав погледнува низ моите очи
и здогледува плен. Реката се крева.
На брегот нова трева расне.
Утрински ветар дува низ градината.

Љубовта замина,
поради едно нешто што згрешив.
Сега се враќа.

Сомилост кружи назад,
и ведрина.

Слепецот го фрла белиот стап.
Бебето почнува да јаде од чинијата.
Соколот се вивнува кон кралевиот тапан.

Сега тишина го распетлува
покровот од зборови
што го бевме исткале.

Ова срце

Ова исцибравено и толку уморно,
мачено со стеги како безумно,
ова срце.
Сепак сетне ја кршиш корупката
за да си го вкусиш јадрото!

Ноќ полна разговор што боли

Ноќ полна разговор што боли,
моите најгорко криени тајни.
Сѐ е врзано со љубење и нељубење.
Ќе прође и оваа ноќ.
Утре веќе имаме работа.

Мојата најлоша навика

Мојата најлоша навика е што се заморувам од зима.
Им станувам напорен на оние околу мене.

Кога не си овде, ништо не расне.
Ми недостига јасност. Зборовите
ми се заплеткуваат во јазли.

Како да се излечи лошото време?
Прати го назад во реката.
Како да се излечат лошите навики?
Прати ме назад кон тебе.

Кога водата се заробува во вирови на навика,
ископај премин низ дното
до морето. Постои таен лек
за оние кои ги боли толку многу
што не можат ни да се надеваат.

Надевачите би се навредиле кога би знаеле за него.

Гледај колку подолго можеш во пријателот што го љубиш,
без оглед дали тој се оддалечува
или ти се враќа.

Добра зделка

Би сакал да те бакнам.
Цената на бакнежот е твојот живот.

Сега мојата љубов трча кон мојот живот со повик,
Каква зделка, купуваме!

Ноќен разговор

Средноќ повикав,
„Кој ли тоа живее во оваа љубов
во мене?“
Ти рече, „Јас, но не сум овде сам.
Зошто се овие други слики со мене?“
Реков, „Тие се твои одрази,
исто како што убавите жители на Чигил
во Туркменистан си наликуваат еден на друг.“

Ти рече, „Но кое е ова друго *живо* битие?“
„Тоа е мојата ранета душа.“
Тогаш ти ја доведов таа душа
како затвореник.
„Оваа е опасна,“
ти реков. „Не ја пуштај лесно.“

Ти ми намигна и ми го подаде
крајот на една тенка нитка.
„Потегни силно,
но не ја кини.“
Посегнав со раката да те допрам.
Ме удри по неа.

„Зошто си толку безмилосен со мене?“

„Од добри причини.
Но секако не за да те оддалечам!

Секој што влегува овде
а вели *Еве сум* мора да се удри.

Ова не е трло за овци.

Нема овде растојанија на делба.
Ова е светилиште на љубовта.

Саладин е она на што душата личи. Протриј си ги очите
и погледни повторно со љубов во љубовта.“

Ти рече, „Кој е на порти?“
Јас реков, „Твојот роб.“

Ти рече, „Што сакаш?“
„Да те видам и да се поклонам.“

„Колку долго ќе чекаш?“
„Сè додека не ме повикаш.“

„Колку долго ќе се вариш?“
„До Воскресението.“

Разговаравме преку портата.
Изјавував голема љубов, дека сум се откажал
од она што светот го нуди за да бидам со таа љубов.

Ти рече, „Таквите тврдења бараат сведок.“
Јас реков, „Овој копнеж, овие солзи.“

Ти рече, „Обезвреднети сведоци.“
Јас реков, „Никако!“

Ти рече, „Со кого дојде?“
„Со величествената мечта која ти ми ја даде.“

„*Зошто* дојде?“
„Миризмата на твоето вино беше во воздухот.“

„Што ти е ниетот?“
„Пријателство.“

„Што сакаш од мене?“
„Милост.“

Тогаш праша, „Каде ти е најпријатно?“
„Во дворецот.“

„Што виде таму?“
„Вчудоневидувачки нешта.“

„Тогаш зошто е толку очаен?“
„Оти сето тоа може да се изгуби за миг.“

„Кој може тоа да го причини?“
„Јасната размисла.“

“Во што тогаш можеш да живееш безбедно?“
„Во самопредавањето.“

„Какво е ова откажување?“
„Мир кој нè спасува.“

„Не постои ли закана од пропаст?“
„Само од она што доаѓа во твојот сокак,
внатре во твојата љубов.“

„Како одиш таму?“
„Во совршеност.“

Оган на полноќ

Повик се слуша од мојата одаја
каде што се бев склопчил.
На сета моја похота и мртво живеење,
сè уште можам да живеам со тебе.
Ти сакаш така.
Ми подготвуваш и принесуваш вечера.
Забораваш каков бев.

Морето се движи и се крева во горештината
на пладнето,
во жегата на оваа мисла што ја носам.
Зошто сет човечки отпор не изгорува со оваа мисла?

Тапан е и раце што тапанаат.
Оган е на полноќ на врвот на ридот,
оваа повторна средба со тебе.

Шаторот

Надвор, мразна пустинска ноќ.
Оваа друга ноќ внатре се стоплува, гори.
Нека пределот се прекрие со трнлива кора.
Овде имаме мека градина.
Земјите разорени,
градовите и селата,
сè една изгорена, јагленосана топка.

Вестите што доаѓаат се полни жалост за иднината,
но вистинската вест внатре овде
е дека нема никакви вести.

Алов камен на изгревот

Во рана зора,
токму пред изгрејсонце, љубовниците се будат
да се напијат голтка вода.

Таа го прашува, „Дали повеќе ме љубиш мене или себеси?
Навистина, кажи ми право.“

Тој вели, „Ништо не остана од *мене.*
Како алов камен сум кренат кон изгревот.
Дали таков е сè уште камен,
или е свет сочинет од аловина?
Тој не ѝ пружа отпор на сончевината.“

Вака Халаџ рече, *Јас сум Бог,*
и ја говореше вистината!

Алем-каменот и изгревот се едно.
Биди храбар и совладај се.

Целосно стани и слух и уво,
и како обетка понеси го
овој сончев ал-камен.

Работи. Продолжи да го копаш својот бунар.
Не мисли на крајот на работата.
Има таму некаде вода.

Потчини се на постојано самосовладување.
Твојата преданост
е тропање на врата.

Само тропај, а радоста внатре
кога-тогаш ќе го отвори пенџерот
да види кој тоа стои надвор.

Полет

Љубовта ме одзеде
и ме исполни со песна.

Се трудев тивко да повторувам,
Нема сила освен твојата,
но не можев.
Морав да плескам и да пеам.
Порано бев достоинствен и кроток и постојан,
но кој може да стои на ваков виор
и да мисли на такви нешта?!

Гората го чува одекот длабоко во себе.
Така јас го чувам твојот глас.

Јас сум цепаница фрлена во твојот пламен
што брзо изгорува во дим.

Те видов и станав празнина.
Оваа празнина, поубава од постоењето,
го брише сето постоење, а сепак кога доаѓа,
постоењето напредува и раѓа уште повеќе постоење.

Небото е сино. Светот е слепец
кој чучи на патот.

Но кој ќе ја види твојата празнина
гледа зад синилото и зад слепецот.

Великата душа се крие како Мухамед, или Исус,
се движи среде толпата во град
каде никој не ја знае.

Да се велича е да се велича
начинот на кој човек ѝ се препушта
на празнината.

Да се велича сонцето е да ги величаш сопствените очи.
Величај го морето. Она што го велиме е чунче.

И така морското патешествие продолжува, кој знае каде.
Само морето да те држи во прегратка е најголемата среќа
што може да те снајде. Тоа е потполно будење!

Зошто да жалиме оти сме биле заспани?
Не е важно колку долго сме биле без свест.

Зашеметени сме, но остави ја вината.
Осети го движењето на нежноста
околу себе, полетот.

Стави сè на ризик за љубовта

Стави сè на ризик за љубовта,
ако си вистински човек.

Ако нејќеш, напушти го
овој собир.

Половина срце не достасува
до величественото.
Поаѓаш да го најдеш Бога,
а сè туку запираш често
во зловесни анови.

Како во сон

Кога се сеќавам на твојата љубов,
липам, а кога ги слушам луѓето
да говорат за тебе,
нешто во градиве,
каде ништо посебно не се случува сега,
се придвижува како во сон.

Вака

Ако некој те праша
како изгледа совршеното задоволство
на сите наши жедби,
крени го лицето
и речи,

вака.

Ако некој ја спомне величественоста
на ноќниот свод, качи се на кровот,
и во танц речи,

вака.

Ако некој сака да знае што е „дух“
или што значи „божествено миро“,
наведни ја главата кон него.
Стој така блиску.

Вака.

Ако некој ја спомне древната поетска слика
на облаци што ја откриваат месечината благо,
бавно распетлај ја својата одора,
петло по петло.

Вака.

Ако некој се чуди како Исус ги кревал мртвите,
не обидувај се да го објасниш тоа чудо.
Бакни ме во уста.

Вака. Вака.

Ако некој праша што значи
„да се умре за љубов,“
покажи наваму.

Ако некој те праша колку сум висок, намурти се
и измери го со прсти просторот
меѓу брчките на твоето чело.

Волку.

Душата понекогаш го напушта телото, па се враќа.
Ако некој не верува во ова,
врати се кај мене дома.

Вака.

Кога љубовниците јачат,
ја раскажуваат нашата повест.

Вака.

Небо сум во кое дусите пребиваат.
Sури во ова длабоко синило,

додека ветрето кажува една тајна.

Вака.

Ако некој праша што да чини,
запали ја свеќата во неговата дланка.

Вака.

Како миризмата на Јосиф дојде до Јакова?

Вака.

Како му се врати видот на Јаков?

Вака.

Благо ветре ги мие очите.

Вака.

Кога Шамс се враќа од Табриз,
ќе ја провне главата од зад аголот
на капијата да нè изненади,

вака.

Љубовници

О љубовници, љубовници, време е
светот да се напушти.
Слушам тапан во увото на душата
татни од ѕвездените длабини.

Водачот на камилите се зафатил со работа;
караванот се подготвува.
Нѐ моли да му простиме
што нѐ вознемирува,
прашува зошто ние патниците спиеме.

Насекаде џагор на заминување;
ѕвездите, ко свеќи
се фрлаат на нас од зад модрите превези
и ко за да го упрости невидливото,
еден чудесен народ истапил напред.

Несоница

Сочинувам песни ноќе,
оти не можам да спијам.
Ме вознемирува оној
чиј лик е во бои на пролетен цут.

Немам сон ниту мир,
ниту сум на добар ниту на лош глас.

Бројните руби на мудроста ги нема.
Доброто поведение заминало во неврат.
Срцето и умот ми се раскарани.
Ѕвездите и месечината си завидуваат.

Од оваа отуѓеност, светот
сѐ повеќе се стеснува.

Месечината вели, „Уште колку долго ќе останам
да висам вака без сонце?“

Без скапоцениот камен на Љубовта во мене,
нека камен по камен
се урна чаршијата на моето постоење.

Капка надеж

Љубовта не лежи на никакви темели,
бескрајно море е,
без почеток и крај.

Замисли,
стишано море,
јавнато на перниче од древни тајни.

Сите души потопени во него
и таму пребиваат.
Една капка од тоа море е надеж,
другото е страв.

Како мислиш?

Беспомошни сме во љубовната игра.
Како тоа мислиш да се однесуваме
кротко и скромно?
Како мислиш да останеме дома,
како послушни деца?
Како мислиш да уживаме
во ланци како лудаци?

О, Љубов моја,
ќе нѐ најдеш секоја ноќ
на твојот сокак,
со очи залепени на твојот џам,
желни за поглед
на твоето озарено лице.

Испив отров

Љубовта дојде
и стана крв во телово.
Ми протече низ вените
и ми го опкружи срцето.
Каде и да погледнев
едно само гледав.
Името на Љубеното запишано
врз моите раце,
врз левата дланка,
врз челото,
врз тилот,
врз палецот на десното стапало...

О Пријателе,
ова што го гледаш од мене
е само корупка,
другото му припаѓа на Љубеното.
Вљубен сум!
Вљубен сум.

Сите овие совети –
чуму?
Отров испив.

Сет овој шеќер,
чуму?

Велиш, побрзајте, врзете му ги нозете.
Но срцево е споулавено.

Сета оваа ортома
на нозете –
чуму?

Џитни го лекарот

Голтнав малку од слаткото вино
на Љубеното
и поболев.
Телото ечи,
гори треска.
Свикаа лекар и тој рече,
испиј го чајов!
Добро, време е за чај.
Голтни ги овие апчиња!
Добро, време е за апчиња.
Лекарот рече,
ослободи се од тоа слатко вино во устата!
Добро, време е да се ослободиме од лекарот.

И да викам и да не викам

Камо да го вкусеше
плagainиот оган на Љубовта;
има еден оган
што во мене гори.
И да викам и да не викам,
огнот сетне татни
денонoќно.

Луѓето шијат облека да си го прекријат умот,
но срцето на Љубовниците
е покров, запален
во златните бои на неговата Љубов.

Влакно по влакно

И одново
Љубовта се лее по таванот
и ѕидовите.

Одново
Лавот на Љубовта ги разголува
смртоносните канџи
и ова срнолико срце жеднее по крв.

Одново
ноќ на полна месечина е,
време за лудило.

Сето огромно знаење
за ништо не ми е.

Одново
Љубовта крена бунт во моето тело,
а сепак нов пламен ми е вметнат
во срцето.

Будно, Љубеното ми го истрла сонот од очи.
Несоница ми го одзеде трпението.
Дожд ми го однесе умот
Љубеното ме натера да си ја загубам работата.
А што арно од мојата работа и онака?

Се прашуваш за лозата на Љубовниците,
ајде да ти кажам.
Погледни ги косите на моето Љубено.
Види ги овие сјајни влакна,
сите се таму,
влакно по влакно.
Одново, крени се, крени се, крени,
време е за воскресение.

О Љубов,
искапи ме во миризмата
на стотици воскресенија.
Исто како што градината пламти
во стотици прелеви на есенско портокалово,
срцето на Љубовникот копнее по допирот на Љубеното.

А сега ликот на изгорената градина
ми е цветна полјана.

Градината на светот изгоре,
но градината на срцето мое воскресна.

Тајната на таа градина може да е пепел,
но тајната на срцето е воскресение.
...

Несомнено

Дојдов овде
да ја положам главата пред твоите стапала,
да барам прошка,
да седнам на столица од розино дрво
и да си ги согорам трњата.

Што и да мислев да правам,
не значи ништо, кога сум овде со тебе.

Дојдов да липам.
Нема спас од жалбата.

Однадвор сум нем. Однатре,
ти знаеш колку врискам.

Нека лицето мое е твое.
Ќе ја прекинам оваа песна.
Прочитај го останатото во мене.

Кутар нем љубовнику,
немаш со кого да разговараш?

Туку мислите потојано ти навираат
ко армија бунтовници.
Сам, секој е нем.
Никој не разговара со затворена врата.

Но ти си се убедил дека
си го загубил најдобриот другар.

Можеби веќе си во чистиот свет,
над оваа пуста жедба
и превирањата на природата.
Несомнено.

Огледалото, одразот

И огледало и одраз

Ние сме и огледалото и ликот во него.
Во овој миг го опитуваме вкусот
на вечноста. Ние сме и болката
и она што ја лекува болката. Ние сме
и слатката студена вода и бокалот што ја излева.

Без знаме

Порано барав купци на моите зборови.
Сега сакам некој да ме откупи од говорот.

Насликав толку чудесни, длабоки слики,
сцени со Аврам и со таткото на Аврам, Азар,
познатиот зограф.

Толку се изморив од она што го бев сочинил.

Тогаш една слика без облик дојде
и престанав.

Барај друг да се грижи за дуќанот.
Не сум веќе по сликарството.

Конечно ја познавам слободата на безумието.

Случајна слика доаѓа. Врискам,
„Излегувај надвор!" Се распаѓа.

Само љубов.
Само држачот за знаме
и ветрот. Без знаме.

Јас сум скулптор

Јас сум скулптор, творец на облици.

Секој миг сочинувам идоли.

Туку потем, пред тебе, ги топам.

Можам да кренам стотици облици
и да ги вдахнам со дух,
но кога во ликот ти гледам,
сакам сите да ги фрлам в оган.

Душата ми се прелева во твојата и се слева.
Драга ми е, оти твојата миризма
ја воспримила.

Секоја капка крв што ја пролевам
и' говори на земјата.
Се слевам со моето Љубено
кога љубам.

Во овој дом од кал и вода,
срцево ми пропаднало во урнатини.

Влези во куќава, Љубов моја,
или пушти ме да си заминам.

Само дом сум

Само дом сум за твоето Љубено,
не сум твоја љубов:

Вистинската љубов е за благото,
не за ковчегот што го чува.
Вистинскиот љубовник е оној единствениот,
твојот почеток и крај.

Кога ќе го најдеш.
не ќе очекуваш ништо повеќе:
таква е и појавноста и тајната.

Тој човек е господар на чувствата.
независен од сите;
месецот и годината и' се робови на таа месечина.

Кога тој повела расположба,
расположбата се покорува;
кога тој намерува,
телата стануваат дух.

За сета вечност

Личниот ја открива својата единствена става
во самотијата на ништавилото:
крева огледало кон лицето
и ја видува својата убавина.

Тој е спознавачот и спознаеното,
видетелот и виделината;
Ниедно око освен Неговото
не ја видело оваа Вселена.

Секоја Негова црта наоѓа израз:
вечноста станува зелена ливада на Времето и Просторот;
љубовта, животворна градина на овој свет.

Секое гранче и ливче и плод
откриваат по една страна од Неговата совршеност.
Кипарот му ја навестува величественоста,
розата му ја навестува убавината.

Штом погледнува Убавината,
Љубовта веднаш се појавува;
штом Убавината го покаже озарениот лик,
Љубовта го пали својот оган на тој пламен.

Кога Убавината лежи во темните набори на ноќта,
Љубовта доаѓа и наоѓа срце
заплеткано во витиците.

Убавината и Љубовта се како телото и душата.
Убавината е рудник, Љубовта скапоцен камен.

Од почекот на времето одат тие заедно –
рамо до рамо, чекор по чекор.

Огледало без тајни

Остави ги грижите
и нека срцето ти е сосем чисто,
како лицето на огледалото
што не содржи слика.

Ако сакаш чисто огледало,
погледни се себеси
и види ја бесрамната вистина
што огледалото ја одразува.

Ако метал може да се измазни
додека не блесне,
колку ли мазнење му треба
на огледалото на срцето?

Помеѓу огледалото и срцето
има само една разлика:
срцето крие тајни,
а огледалото не.

Ова е љубов

Ова е љубов:
да се лета кон скришно небо,
да се стргнат сто копрени секој миг.
Прво, да го пуштиш животот од раце,
на крај, да зачекориш без нозе;
да го сметаш овој свет за невидлив
и да не мислиш дека си она што се чиниш.

Срце, реков, каков дар бил ова
да се влезе во орото на љубовниците,
да се види зад видот сам,
да се посегне и допре во градите.

Скришни места

Во овој свет преполн насилство
Љубовниците наоѓаат скришни места
каде се разменуваат со убавината.

Разумот вели, Бесмисла.
Ги изодив и премерив sидовите овде.
Нема такви места.
Љубовта вели, Има, има.

Разумот гради пазар
и почнува да тргува.
Љубовта има потајна работа.
...
Љубовниците сеќаваат вистина во себе
која разумните луѓе ја одрекуваат.
Разумно е да се рече, Препуштањето
е само претстава што ги спречува луѓето
да си го владеат животот.

Љубовта одговара, Не. Ваквото *мислење*
е она што е опасно.

Употребата на јазикот го прикрива
она што Шамс дојде да ни го даде.
Секој ден сонцето се искрева
од ниски зборовни облаци
во пламена тишина.

Лисја туку што непаднати

Овој свет на две градини, обете толку убави.
Овој свет, улица по која минува погребна поворка.

Ајде да се кренеме заедно и да го напуштиме *овој свет,*
ко вода што тече поклонувајќи се кон морето.

Од градините кон градинарот,
од жалост кон свадбена гозба.

Трепериме ко лисја туку што непаднати.
Не може да се избегне болка да се вкуси,
или отуѓеност, или вкусот на прашината.

Туку исто го вкусуваме зеленокрилниот копнеж
по сладоста на пријателот.

Ваквите облици се доказ на она што не покажува.
...
Засукано влакно на лакот напнато во грлата
се отпушта и станува стрела.

Глувци што се тресат од страв од мачката
одеднаш се претвораат во полуодраснати лавчиња,
бестрашни.

Па ајде да кинисаме на пат дома,
со љубов и сомилост за водичите

и за милоста што нѐ чува.

Нека душата ти стане празно огледало
што страсно желнее да го одрази Јосифа.
Дај му го твојот подарок.

Сега, тишината нека говори.
Кога таа ќе започне, да кинисаме.

Ко небото во водата

Биди благодарен за милоста на присуството.
Допри го работ на наметката,
но не ја влечи
да не излета ко од лак стрела.

Слики. Присутноста си игра со облици,
бега и се крие ко небото во водата,
де ваму, де таму.

Умот не може да ја збере вечноста.
Овие песни се вака недофатливи,
бидејќи присуството е такво.

Ја милувам розата што роза не е,
но штом се обидам да ја изговорам,
секое име за Бога станува *ова-она* и исчезнува.

Она што сакаше да го нацрташ се крева од хартијата,
а она што го љубиш се измолкнува од срцето.

Дарот на водата

Некој кој не знае дека реката Тигрис постои
на калифот, кој живее крај реката, му носи
стомна питка вода на подарок. Калифот прифаќа, му благодари
и за возврат му дава стомна полна златници.

„Штом овој човек дојде преку пустина,
по вода треба да се врати.“ Го изведуваат на друга врата,
човекот влегува во опремен чамец
и ја здогледува широката свежа вода на Тигрис.
Ја наведнува главата, „Каква чудесна љубезност
што Калифот ми го прифати подарокот.“

Се’ и секој на светот е
стомна преполна со мудрост и убавина,
капка од Тигрис која ниедна кожа не може
да ја собере. Секоја стомна се излева и ја осветлува земјата,
како со свила да ја прелева.
Човеков да го видел само главниот ток
на големата река, не ќе ја донел
невиноста на својот подарок.

Оние кои остануваат и живеат крај Тигрис
влегуваат во таков занес што фрлаат камења по стомните
и стомните стануваат совршени!
Се кршат.

Парчињата играат, а реката...
Гледаш ли?
Ниту стомна, ниту вода, ниту камен,
ништо.

Чукаш на портата на стварноста,
ги стресуваш своите мисловни крилја,
ги олабавуваш рамењата
и се отвораш.

Празни

Излези надвор овде кај розите што пупат.
Нека душата и светот се сретнат.

Сонцето разголило рамно сечило
од светлост. Па, можеме и да му се препуштиме.

Смеј ѝ се на грдата горделивост што ја гледаш.
Плачи за оние кои од пријател се одвоени.

Градот врие од гласини.
Некаков лудак избегал од затвор.

Или, да не се крева некаков бунт?
Што ден е денес?

Кога ли сѐ што сме сториле и сме биле
ќе се објави?

Без мисла и чувство,
без претстава за душата
и без јазик,
тапаните кажуваат колку сме празни.

Без очекувања

Дух кој живее на овој свет
а не носи љубовна руба.
Таквото постоење е длабока срамота.

Безглаво вљуби се,
оти друго и нема освен љубовта.

Нема пат до присуството
освен преку љубовна размена.

Ако некој праша, Но што е љубовта?
речи му, Распојување на волјата.

Вистинската слобода ја добиваат оние
кои се ослободиле од прашањата
за слободна волја и судбина.

Љубовта е владетел.
Двата света играат преку него.
Тој едвај и ја забележува нивната препелкава игра.

Љубовта и љубовникот живеат во вечноста.
Другите желби се замена
за таквиот облик на постоење.

Колку долго лежиш во прегратка со труп?
Љуби ја поарно душата што не се прегрнува.

Сè што се раѓа на пролет умира на есен,
но љубовта не се менува со добите.

Од вино измолзено од грозје
очекувај мамурлук.

Но овој љубовен пат нема очекувања.
Не ти е лесно да го јаваш телото?
Симни се. Патувај без товар.
Крилја ќе ти се дадат.

Биди чист ко огледало
што ништо не одразува.

Испразни се од слики и грижи
Што од замисла доаѓаат.

Sури во она што не се срами
и што не се плаши од никаква вистина.

Содржи ги сите ликови човекови во својот
без да ги судиш.

Биди чиста празнина.
Што има во *неа*? Прашуваш.
Тишина само можам да кажам.

Љубовниците имаат некои тајни
кои ги чуваат скришни.

Исус сака некого да воскресне

Повикав низ вратата,
„Дервишите се собираат
на улица. Излези!“

„Остави ме на мира.
Болен сум.“

„Не ми е гајле и да си мртов!
Исус е овде и сака
некого да воскресне!“

Спиј си сега пак

Спиј си сега пак.
Да, смееш.

Немаш Љубов во срцето,
спиј си сега пак,
спиј си сега пак.

Неговата Љубов и неговата тага
остануваат само за нас,
ти спиј си сега пак.

Сум изгорел на сонцето
на љубовната болка.
Немаш ти таков копнеж во срцето,
спиј си сега пак.

Патот на Љубовта
има седумдесет и два превоја и безброј кривини.
Твојата љубов и религија
се сè само прелага и дволичност,
спиј си сега пак.

Во рацете на Љубовта сме
и чекаме на нејзината повелба,
а ти, оти си во свои раце,
спиј си сега пак.

Не јадам ништо освен болка и крв,
а ти, највкусни залчиња;
и секако после гозбата
сакаш да си прилегнеш.
Само ти спиј си сега пак.

Ја искинав на парчиња одората од зборови
и ме помина желбата за разговор.
Ти, кој сè уште не си гол,
спиј си сега пак.

Од што Исус бега

Синот на Марија, Исус, брза по стрмнината
ко див sвер да го гони.
Некој го следи и го прашува, „Каде одиш?
Никој не те брка.“ Исус продолжува,
ништо не вели, преку уште две полиња. „Ти ли си
оној кој зборува над мртовци,
па овие се будат?“ *Тој сум.* „Нели ти направи
глинени птици да полетаат?“ *Да.* „Кој тогаш
може да те натера на ваков бег?“
Исус го забавува чекорот.

Го изговарам Великото Име над глувите и слепите,
и овие се исцелуваат. Над камена планина,
и оваа си ја кине наметката до папок.
Над непостоењето, и тоа настанува.
Но кога зборувам со љубов со часови, со денови,
со оние кои ја примаат човечката топлина
и ја исмеваат, кога ним им го кажувам Името, ништо
не се случува. Остануваат студен камен, или се ронат во песок
на кој никаква билка не расне. Други болки прават отвор
за милоста да навлезе, но оваа неосетливост
коти насилство и студенило кон Бога.
Од тоа бегам.

Ко малку по малку што воздухот ја краде водата, така молитвата
се суши и испарува со неумни луѓе
кои одбиваат да се променат. Како студен камен на кој седиш,
неверникот ти ја краде телесната топлина. Не го чувствува тој
сонцето.

Исус не бегал од стварни луѓе.
Поучувал на нов начин.

Патот, здивот

Само здив

Ниту христијанин, ниту Евреин, ниту муслиман, ниту хиндус,
будист, суфист, или зен. Ниедна вера

ниту обичај. Не сум ни од Исток
ни од Запад, ниту од морето ниту

од земјата, ниту природен ниту етеричен,
ниту од елементи составен. Не постојам,

не сум битие од овој свет или од другиот,
не потекнувам од Адам и Ева или од

која и да е приказна за потеклото. Моето место е безмесно,
трага на бестрагата. Ниту тело ниту душа.

ѝ припаѓам на вљубеноста, сум ги видел обата света
како еден и тој еден го повикувам и го знам,

прв, последен, надворешен, внатрешен, само тој
здив кој дише човечки битија.

Патот

Патот е означен.
Ако застраниш, ќе загинеш.
Ако се обидеш да ги изместиш
знаците крај патот,
злодело ќе сториш.

Вљубени во воздухот

О Пријателе! Блиски сме ти во пријателството,
каде и да стапнеш, се ничкосуваме ко почвата.
Како тоа смееме, во религијата на љубовта,
да го гледаме твоето Дело, а Тебе да те превидиме?

Пријателот ме израсна со толку нега и внимание;
ми соши облека од кожа и жили.
Телото е наметка и срцето мое во него е дервиш,
светот е теќе и Тој ми е Водич.

Барај спознание кое тајните ги разоткрива
пред животот да ти заврши.
Откажи се од нестварноста која се чини стварна,
барај ја Стварноста која се чини нестварна!

Има еден свет вон Исламот и неверата,
таму сме вљубени во воздухот.
Дервишот главата си ја положува кога пристигнува.
Нема ниту Ислам ниту невера таму.

Кога ја положувам главата, Нему му се поклонувам;
во шест правци и вон нив, Него го обожувам.
Градината, розата, славејот, музиката и убавиците
се само изговор, но само Тој е вистинската цел.

Посебна полјана

Над мислите за дела добри и зли
лежи една полјана. Ќе се сретнеме таму.

Кога душата легнува во таа трева,
светот е преполн за говор.
Мислите, јазикот, дури и оној израз *заемно*,
губат смисла.

Не заспивај пак

Ветрето во зора има тајни да ти каже.
Не заспивај пак.

Мораш да го побараш она што навистина го сакаш.
Не заспивај пак.

Луѓето одат ваму-таму преку прагот
на кој двата света се допираат.

Вратата е округла и отворена.
Не заспивај пак.

Писмо

Оној кој си оди дома со корче леб
на местенце кое му пасува ко гнездо,
оној кој не сака повеќе, по кого
никој не копнее.

Тој е писмо до секого. Го отвораш.
Вели, *Живеј.*

Одбиј се од дојката

Малку по малку, одбиј се од дојката.
Ова е суштината на она што имам да ти го кажам.
Од зачеток, чија храна доаѓа низ крвта,
премини во доенче што млеко пие,
па во дете на цврста храна,
па во трагач по мудроста,
па во ловец на поневидлив плен.

Замисли како би изгледал разговор со еден зачеток.
Би можел да му речеш, „Светот надвор е огромен и сложен.
Има житни полја и планински преоди,
и овоштарници во цут.

Ноќе сјаат миријада ѕвезди, а на сонце се лее
убавината на пријателите во свадбено оро.“

Го прашуваш зачетокот зошто останува
склопчен во мракот со затворени очи.
Чуј му го одговорот.

Нема „друг свет.“
Го знам само она што сум го искусил.
Тебе мора да ти се причинува.

Најубав си кога ловиш

Замисли дека се лизгаш од лицето на гребенот
ко орел. Замисли дека се виеш
ко тигар сам кој гази по шумата.
Најубав си кога ловиш.

Минувај помалку време со славеи и пауни.
Првите се само глас, вторите се само боја.

Стебленце билка

Учените богослови не поучуваат на љубов.
Љубовта е сета ведрина и љубезност.

Мислите за добро и зло
се на дело во нас до смртта.
Љубовта нема такви меѓи.

Кога ќе видиш намуртено лице,
не е она на Љубовникот.

Почетникот, вака, ништо не знае
за никаков почеток.

Не труди се да бидеш овчар.
Стани стадо.

Некој вели, Ова е само метафора.
Но, не е така.

Јасна е и направа
ко слепец што си го удира стапалото
од камена стомна.

Вратарот треба повеќе да внимава,
вели слепиот.

Стомната не е во вратницата,
одговара вратарот.

Всушност, не знаеш
каде си. Мајсторот на љубовта
е единствениот знак што ни треба.

Нема подобар знак
од некој што се тетерави меѓу стомни
и бара знаци.

Секоја честичка љубов,
секое стебленце билка,
говорат за вода.

Следи ги притоките.
Се’ што велиме носи вода во себе.

Нема потреба ова да му се објаснува на жедниот.
Тој веќе знае што да чини.

Удави се во морето

Умниот секогаш се фали,
љубовникот секогаш се губи.

Умниот бега,
се плаши да не се удави;
сета смисла на љубовта
е да се удавиш во морето.

Умниот промислено се одмора;
љубовникот се срами да отпочине.

Љубовникот е секогаш сам
дури и кога со луѓе е опкружен;
ко вода и уље, остануваат башка.

Оној кој ќе се помачи
да го советува љубовникот
не добива ништо.
Страста му се смее.

Љубовта е како мошус.
Привлекува внимание.

Љубовта е како дрво,
а љубовниците му се сенка.

Бранот на заветот

Постојано љубовен глас
од секаде се слуша.
Кому му треба прошетка?

Изнедрени сме од величественост
и се враќаме во неа.

Натовари се.
Што место е ова?

Мухамед ни го води караванот.
Да се појде со вакво свежо ветре
е добар предвесник.

Ко водни птици, луѓето
потекнуваат од морето.
Не очекувај да живееш во внатрешноста на копното.

Слушаме наплив во градите,
еден завет даден во вечноста.

Бранот на заветот се дотркала
и го проби трупот на чунот.

Уште еден бран ќе не' смачка.
Тогаш, средбата по која отсекогаш сме копнееле
ќе се случи.

Мир среде луња

Кога лавот на љубовта ожеднува по нашата крв,
го пуштаме. Постојано му нудиме
нова душа. Некој ќе дојде само
да ги собере турбанот и чевлите.

Мирот среде луња
ја издржува причината за луњата.

Толку кревко изгледам,
а во рака ми е сигурноста на вечноста.

Змија се влече по патот, го бара морето.
Што ли ќе прави со него?

Ако, за искупение, гмечиш грозје,
можеш и виното тогаш да го пиеш.

Мислиш дека древните суфии
имале црн талог на дното на чашите.
Не е битно што мислиш.

Цутот не се смее
кога гранката се суши.

Шамс од Табриз се крева ко сонце.
Сега е ноќ.
Каква смисла има да се бројат ѕвездите?

Ништо заедничко

Љубовта ништо нема
со петте сетила и шесте правци:
целта е да се искуси
привлечноста на Љубеното.

Потоа, можеби, дозвола
ќе дојде од Бога:
тајните што треба да се знаат ќе бидат кажани
со речитост поблиска до познанието
од овие завиени, збунувачки навестувања.

Тајната не се здружува со никого
освен со тајнозналецот;
за слухот на неверникот
тајната и не е тајна.

Кројачот кој кине

Се измамив летајќи преблиску
до она што мислев го љубам.

Сега свеќите згаснаа, виното пролеано,
а љубовниците се повлекоа
каде вака речиси замижан не ги гледам.

Колку мислев дека ќе добијам, изгубив.
Молитвите ми се згорчија и сè се заслепило.

Што убаво беше малку да се биде
со оние кои се препуштаат.

Други само ги одвраќаат лицата,
а трети, ко гулаби во лет.
Сум видел гулаби што летаат во празно
и птици што јадат беззрност
и кројач кој шие прекрасни одори
кинејќи ги на парчиња.

Си се вљубил во мене

Си се вљубил во мене,
ќе те вчудоневидам.

Не гради премногу,
оти ќе те урнам.

Ако ко пчела изградиш двесте куќи,
ко мува ќе те направам бездомен.

И да си гората Каф по снагата,
ко воденичен камен ќе те завртам.

И Тој е со тебе

И Тој е со тебе,
со тебе
во потрагата;
кога Го бараш,
барај го него,
во потрагата
поблиску до тебе
од самиот што си
до себе:
Што ќе трчаш надвор?
Стопи се ко снег.
Измиј се
со себеси:
поттикнати од Љубов
јазици никнат
од душата
ко фиданки
на лилјан...

Но научи го
овој обичај
од цветот:
стишај си го
јазикот.

Оние што не ја сеќаваат оваа Љубов

Оние кои не ја сеќаваат оваа Љубов
што ги влече како река,
оние кои не ја пијат зората
како дланка изворска вода
и кои не го вечераат залезот,
оние кои не сакаат да се променат,
остави ги нека спијат.

Оваа Љубов е над ученото богословие,
таа стара измама и дволичност.
Ако сакаш така да си го изостриш умот,
продолжи да спиеш.

Јас се откажав од разумот.
Си ја искинав облеката на парчиња
и ја фрлив.

Ако не си угол гол,
завиткај се во убав превез од зборови
и продолжи да спиеш.

Гостилницата

Да се биде човек е гостилница.
Секое утро нов дојденец.

Радост, смут, зло,
некаква миговна свесност доаѓа
како неочекуван посетител.

Пречекај ги со добредојде
и послужи ги сите!
И да се толпа жалости
што насилно ти ја чистат куќата
од сет намештај.
Сепак, почести го секој гостин.
Можеби ти расчистува
за некоја нова радост.

Црните мисли, срамот, злобата,
пресретни ги на прагот со насмевка
и покани ги внатре.

Биди благодарен за што и да влегува,
оти сè ни е пратено
за водич од далечините.

Кој сетне преметнува?

Кој вака преметнува?
Фрлам стрела надесно.
Паѓа налево.

Ловам срна и одеднаш
ме гони див вепар.

Ковам завера да го добијам она што го сакам
и завршувам во затвор.

Копам замки за други
и паѓам во нив.

Би требало да се сомневам
во она што го посакувам.

Сто и прв пат

Животот досега ти беше безумна коцка.
Уште побезумно коцкај се.
До сега изгуби сто пати по ред.
Фрли го зарот сто и прв пат.

Си останал единствената жица на гудалото.
Очекувај токму тебе да те удрат.

Канџата на јастребот во слабините на гугутката,
пак не можеш домот да си го најдеш?
Најми си водич.

Си изрезбал штица.
Ова атот мој е, велиш.
Добро. Јавај го по угорнина.

Не слушаш како Господ ти говори?
Наместо тоа, се молиш.
Таа молитва е без обожување, брате.
Мораш да се поклониш до земи
за да ти ја отсечат главата.

Лукот и кромидот одлично мирисаат,
но ајде фати ја миризмата на килибарот.

Кога Шамс те прифаќа за придружник,
седни крај него и слушај.

За ризикот

На една жаба,
која никогаш не ја напуштила барата,
морето и’ е ризик.

Погледни од што се откажува:
безбедност, власт над својот свет, признанија!

Морската жаба само тресе со глава:
Не можам навистина да ти објаснам
како е онаму каде што живеам,
но еден ден ќе те поведам.

На Денот на Воскресението

На Денот на Воскресението, телото твое
ќе сведочи против тебе.
Раката вели, „Крадев.“
Усните велат, “Нагрдувавме.“
Стапалата, “Бевме каде не требаше.“
Половиот орган, „И јас.“

Покрај нив, твоите молитви ќе звучат дволично.
Пушти го телото сега да говори отворено,
без ти да кажеш ниту збор,
ко ученикот кој оди зад учителот
и си вели, „Овој ко појасно да го гледа
од мене патот.“

Грашокот на готвачот

Грашокот скока речиси преку ивицата на казанот
во кој се вари.

„Зошто ми го правиш де ова?“

Готвачот го соборува со кутлача.

„Не обидувај се да искокнеш.
Мислиш дека те измачувам.
Ти давам вкус,
за да можеш да се мешаш со зачин и со ориз
и да станеш убавата животност на човечкото битие.

Сети се како пиеше дожд во градината,
тоа ти беше за ова.“

Милост прво. Полови задоволства,
потоа возвриен нов живот започнува
и Пријателот има нешто добро за јадење.

Со време, грашокот
ќе му рече на готвачот,
„Вари ме уште малку.
Удри ме со лажицата.
Не можам тоа сам да го сторам.

Јас сум како слон што сонува за градините

дома во Хиндустан и не го обѕрува
јавачот. Ти си мојот готвач, мојот јавач,
мојот пат во постоење. Го милувам твоето готвење.“

Готвачот вели,
„Еднаш бев ко тебе,
сиров право од земја. Потоа се сварив со време,
па се сварив со тело, две жестоки варења.

Животинската душа ми се оснажи.
Ја совладав со вежба,
па се варев уште малку, па се варев
уште малку повеќе,
па ти станав учител.“

Грне паднато од кровот

Ти што и’ даде нов живот на планетава,
ти што си задумен, дојди, јас сум
само стрела. Затегни ме во лакот и отпушти.

Од оваа љубов за тебе
грнето ми падна од кров.
Спушти скали и собери ги
парчињата, те молам.

Луѓето прашуваат, Но кој кров е твој?
Одговарам, Од каде и да е дојдена душата
и каде и да оди ноќе, таму е мојот кров.

Од каде и да доаѓа пролетта да ја исцели почвата,
од каде и да се крева потрагата во човека.
Барањето е само трага
на она што го бараме.

Туку, повеќе сме како човек
што седи на магаре
и го прашува магарето каде да оди.

Стишај се сега и чекај.
Можеби оној од морето,
оној во кого толку копнееме да се вселиме и да настанеме,
сака да останеме уште малку овде на копното
на инакви патишта до брегот.

Жетва

Ко сонцето што тоне во својот бунар,
љубовниците тајно се вовираат во Бога.

Доцна ноќе се среќаваме ко арамии
што злато украле, со лица ко кандило.

Пион станал крал.
Седиме тајно во присуството
ко Турчин во шатор меѓу Индијци,
а сепак одминуваме сто чувари,
ноќни патници, потопени во морето на копнежот.

Понекогаш некое тело се искрева на површина
ко Јосиф што испливува од својот бунар на препуштање
да стане јасност што праведно го дели житото на Египет
и го толкува кралевиот сон.

Некои велат за луѓето, Правта се враќа во прав.
Но како може ова точно да биде
за оној кој ја претвора правта во праг?

Жетвата се чини една
кога е сè уште на поле.

Потоа доаѓа преобразба
и гледаме всушност што е:
половина слама, половина зрна.

Копнежот е одговор

Една ноќ, некој човек викал,
Боже! Боже!
Усните му се осладиле од слава,
сè додека некој неверник не му рекол,
„Ајде де! Те слушам
како викаш, но дали некогаш
си добил одговор?“

Човекот не можел да му одговори.
Престанал да се моли и паднал во кошмарен сон.

Го сонувал Кхидр, водичот на душите,
во густо зеленило.
„Зошто престана да се молиш?“
„Оти никогаш не слушнав одговор.“
„Овој копнеж
што го искажуваш *е* твојот одговор.“

Жалоста од која плачеш
те влече кон единство.

Чистата тага
што помош бара
е тајниот сад.

Северен ветар

Постојано прашањето се враќа,
уште колку долго ќе останеш во талогот?
Крени се. Не сетне буричкај по тешките наслаги.
Пушти го матното да се слегне.

Некои гламни, и кога со душа горат,
даваат повеќе дим одошто светлост.

Без оглед колку напрегнато суриш во матната вода,
не ќе ги видиш сонцето и месечината.

Еден северен ветар доаѓа,
ја мазни жалоста и го отвора небото.

Душата сака да излезе надвор
на тој воздух што прочистува
и да не се врати.

Душата е туѓинец
што дом се обидува да најде,
дом што не е некаде.
Што сетне пасеш на *зошто*?

Душо, добар соколе,
доволно долго леташе по пасишта.
Завиј сега назад
кон свирката на владетелот.

Учење

Не мисли дека секогаш ќе бидеш среќен на овој пат.
Те грабнал лав, драги мој.

Пријателот ти фрла куп малтер на глава.
Гледај го ко да е скап парфем.

Во тебе е едно чудовиште
кое мора да се врзе и камшикува.

Види како човек тресе тепих.
Не му е лут на тепихот.
Само сака со тепалката
да ги разлабави валканите наслаги од нитките.

Наслагите на сопството не се разлабавуваат
со само еден удар. Постојана работа
треба, дисциплина.

На соне, дури и на јаве,
ќе го слушаш љубениот како вика по тебе.

Дрводелецот сече и резба парче дрво,
оти знае токму како сака да го употреби.

Додека ја штави кожата, кожарот
втрива киселина во неа и секакви нечистотии.
Вака се прави убава мека кожа.

Што ли знае недовршената кожа?
Секоја потешкотија што ти се случува
вака делува на тебе.

Побрзај, Шамс. Врати се
ко сонцето што се враќа
секој ден со се' нови
и моќни тајни.

Што е суфизмот

Еднаш прашале еден велик шеик
што е суфизмот.
„Чувството на радост
кога нагло разочарување доаѓа."

Орелот му ја однесува чизмата на Мухамед
и го спасува од змиски отров.

Не жали по она што не доаѓа.
Некои нешта кои не се случуваат
спречуваат други несреќи да дојдат.

Приказни

Вистинската мажественост

Некој, по пат, вака му вели на египетскиот Калиф,
“Кралот на Мосул
има наложница ко ниедна друга,
Поубава одошто може да се опише.
Изгледа *вака.*“
Ја црта нејзината подоба на хартија.

Калифот го испушта пехарот.
Веднаш го праќа својот војсководец на Мосул
со многубројна армија. Опсадата трае седум дена,
многу жртви, ѕидините и кулите не издржуваат,
Меки како восок. Кралот на Мосул праќа гласник.
„Чуму овој колеж? Ако го сакаш градот,
ќе го напуштам и земи го!
Ако благо сакаш повеќе, уште полесно.“

Војсководецот го вади листот
со цртежот на девојката. Ова.
Моќниот Крал на Мосул веднаш одговара.
„Изведете ја. Идолот припаѓа меѓу идолопоклониците.“

Кога војсководецот ја здогледува, се вљубува во неа
исто како Калифот. Не смеј се на ова.
Оваа љубов е исто така дел од бескрајната љубов,
без која светот не се врти.
Нештата преминуваат од неживи во растителни,
во сопства надарени со дух, преку нагонот
на секоја љубов што сака да се усоврши.

Вака војсководецот си мисли, почвата изгледа плодна,
па го сее своето семе. На соне, ја гледа девојката.
Води љубов со нејзниот привид
и семето му се излева.

По некое време се буди.
Бавно сеќава дека девојката не е таму.
„Напразно го излеав семето.
Ќе ја пробам оваа итрица.“

Водач кој не е војсководец на сопственото тело
не треба да се чествува, ако неговото семе така се излева
врз песок.
Сега го губи сето самосовладување. Не му е гајле
за Калифот или дали ќе умре.
„Вљубен сум,“ си вели.

Не делувај така во жештина.
Посоветувај се со некој учител.
Но војсководецот не можел.

Неговата залуденост е црноводен бран што го понесува.
Нешто што не постои сочинува привид
да се појави во мракот на бунарот
и привидот сам станува доволно моќен
да урниса вистински лав во дупката.

Уште еден совет: опасно е да се пуштат

други мажи во блиска врска со жените под твоја заштита.
Памук и пламени искри, кога се заедно,
тешко е, речиси неможно, да се спречи пожар.

Војсководецот не се враќа право кај Калифот,
туку крева шатор на скриена полјана.
Гори, не распознава меѓу земјата и небото.
Умот му е залуден од удари на тапани,
безвредна ротква и син на ротква.
Калифот, самиот бубачка, ништо.

Но таман оплодувачов ѝ ги кине чакширите на жената
и ѝ легнува меѓу бедра, мандалото поаѓа
право кон целта, туку се крева голема врева
и војниците надвор од шаторот повикуваат.
Скока и голиот задник му свети
и истрчува надвор со сабја во рака.

Црн лав од блиското мочуриште
се фрлил меѓу коњите. Белја.
Лавот скока дваесет стапки во воздух,
шаторите се превртуваат како море.

Војсководецот брзо скока на лавот,
му ја располовува главата со еден удар
и веднаш сега трча назад кон шаторот на жената.
Кога повторно ја постила нејзината снага,
мандалото му се крева уште повеќе.

Зафатот, спојот, е како со лавот.

Мандалото му останува кренато цело време
и не го излева напразно семето.
Убавицата се воодушевува од неговата мажественост.
Веднаш, со многу полет му се придружува на неговиот
полет
и два духа излегуваат од нив како еден.

Кога двајца се спојуваат вака, доаѓа трет
од невидениот свет. Можеби со раѓање,
ако ништо не го попречило зачнувањето,
но трет некој доаѓа, кога двајца со соединуваат во љубов,
или во омраза. Силните облици родени
од таков спој се појавуваат во духовниот свет.

Ќе ги познаеш кога ќе одиш таму.
Вашите спојувања даваат плод.
Затоа, биди внимателен. Чекај и внимавај
пред да појдеш да се сретнеш со некого.
Помни, треба да се земат деца во предвид.

Деца со кои мораш да живееш и за нив да се грижиш,
родени од твоите чувства за некој друг, битија
со облик и говор и место во животот.
Дури и сега викаат по тебе.
Нè заборавај. Врати се.
Биди свесен за ова. Маж и жена заедно -
секогаш има духовен учинок.

Војсководецот не бил толку свесен. Паднал
и се залепил како бубачка во канче путер,

сосем се препуштил на љубовништвото. Тогаш,
исто така одеднаш, губи желба. На жената
тој ѝ вели, „Ни збор за ова на Калифот.“

Ја води кај него и Калифот се вџашува.
Стопати е поубава одошто си ја замислувал.

Некој човек прашува еден речит учител,
„Што е вистина, а што е лага?“ „Ова е лага:
лилјакот се крие од сонце, не од замислата на сонцето.
Замислата го плаши лилјакот и го води
подлабоко во спилата. Имаш замисла
за душманот која те приврзува за одредени сојузници.

Мојсеј, внатрешното светло на откровението,
го запалил врвот на Синај, но гората
не можела да го одржи светлото.

Не се измамувај вака!
Да се замислува не е да се живее
стварноста или нешто друго.

Нема храброст во замислата на битката.
Ѕидовите на живеалиштето на лилјакот се прекриени со слики
и многу разговори за јунаштво. Ајде придвижи
една единствена мисла од уво до уво.
Тогаш, ушите полни памук
ти стануваат осетливи како нитки светлост.

Целото тело ти станува огледало,
сето е око и духовно дишење.
Нека увото те одведе до твојата љубов.

И така, Калифот страсно се вљубува во девојкава.
Калифатот исчезнува како молња.
Ако љубењето ти трне, знај: кога она што го поседуваш
може да исчезне, тоа е само сон, суета, здив
под мустаќ. Би те убило.

Некои велат, „Ништо не трае.“
Грешно мислат. Вездeн велат,
„Да постоеше некоја друга стварност,
ќе ја видев. Ќе знаев за неа.“

Бидејќи детето не го разбира следот на разумни заклучоци,
зарем возрасните треба да престанат да бидат разумни?
Ако разумните не го чувствуваат присуството на љубовта
во вселената, тоа не значи дека ја нема.

Браќата на Јосиф не ја гледале неговата убавина.
Но Јаков никогаш не ги симнал очите од неа. Мојсеј отпрво
видел само дрвен стап, но неговиот друг вид
видел отровница и причина за страв.
Видот е во спротивставеност со внатрешното знаење.
Раката на Мојсеј е и рака и извор на светлост.

Овие нешта се исто толку стварни
колку и бескрајот што е стварен,

но им изгледаат како верски бладања на оние
кои веруваат единствено во стварноста
на своите органи за размножување и за варење.

Не му го спомнувај Пријателот на ваков.
За друг, сношајот и гладот се бледи слики,
а Пријателот е попостојано, поцврсто тука.
Остави го првиот да си оди во својот храм, а ние ќе си
одиме во нашиот.
Не зборувај премногу со оние кои се сомневаат и со оние
кои тврдат дека во ништо не веруваат.

И така, Калифот си замислува
како влегува во убавата жена
и поаѓа да си ја исполни желбата.

Замислата му го крева мандалото, го напрега во умот
да се крева и спушта,
такашто органот набрекнува од задоволство.

Но како што легнува со жената,
му доаѓа оглас од Бога
да прекине со овој блуд. Многу тивок шум,
како глувче што би направило. Мандалото му паѓа
и страста исчезнува.

Помислува дека тоа шушка змија
под сламарицата. Девојката гледа дека мандалото му паѓа
и почнува грчевито да се смее на чудниот случај.
Се сеќава на војсководецот како го убил лавот,

со мандалото високо кренато.

Долго и гласно се смее.
На што и да помисли, само повеќе се смее,
како смеата на оние што голтаат хашиш.
Сѐ ѝ е смешно.

Секое чувство има извор и клуч кој го отвора.
Калифот е бесен. Го извлекува мечот.
„Што е толку смешно? Кажи ми сѐ што ти е на ум.
Ништо не ми премолчувај. Во овој миг,
јасновиден сум. Ако лажеш, ќе ти ја отсечам главата.
Ако право говориш, ќе те ослободам.“

Напластува седум Корани еден врз друг
и се колне дека ќе стори ко што вели.
Кога конечно се прибира,
девојката му кажува за сѐ подробно. За логорот
на полјаната, за убиството на лавот,
за враќањето на војсководецот во шаторот
со кренато мандало,
сѐ уште тврдо како рог од носорог.

Наспроти органот на Калифот
што паѓа од глувчи шум.
Скриеното секогаш излегува на виделина.
Не сеј лошо семе. Сигурно ќе про’рти.
Дождот и сонцето ќе направат да се крене во воздух.
Пролет доаѓа после листопадот,
што е доволен доказ за воскреснувањето.

Тајните излегуваат напролет, од земните усни во лисјата.
Грижите стануваат мамурлук.
Но од каде дошло виното? Мисли.

Расцутената гранка не наликува на својата семка.
Човекот не му наликува на своето семе. Исус произлегол
од здивот на Габриел, но не е во тој облик.
Гроздот не наликува на лозницата.
Љубовните дела се семе
на едно сосем поинакво живеалиште.
Ниедно потекло не наликува на одредиштето.
Не можеме да знаеме од каде ни потекнува болката.
Не знаеме што сѐ сме сториле.
Можеби и поарно што не знаеме.
Без разлика, страдаме поради тоа.

На Калифот му се враќа бистрината. „Вообразен
од својата моќ ја земав оваа жена од друг,
та се разбира, некој трет ми чукна на врата.
Оној кој врши прељуба е сводник
на сопствената жена.

Ако повредиш некого, привикуваш
иста повреда на себеси. Моето предавство
направи предавник од мојот пријател. Ова умножување
мора некаде да запре. Овде, во милостив чин.

Ќе те вратам на војсководецот,
ќе му речам дека друга моја жена е љубоморна,
а бидејќи војсководецот беше доволно храбар

да те донесе од Мосул,
ќе те земе за жена.“

Ваква е мажественоста на пророкот.
Калифот бил полово немоќен,
но неговата мажественост била најмоќна.

Сржта на вистинската мажественост е способноста
да се остават половите задоволства. Силата
на полниот порив на војсководецот не е ни черупка
во спредба со благородноста на Калифот
кој ставил крај на кругот на сеење сладострастие
и жнеење тајни и осветољубивост.

Мојсеј и овчарот

Мојсеј чул некој овчар на патот
како се моли, „О Господе, о Боже,
каде да те најдам да ти служам -
да ти сошијам опинци, да ти ја исчешлам косата,
да ти ги исперам алиштата, да ти ги истребам вошките,
млекце да ти принесам, О велик Боже!
Да ти ги бакнувам рачињата,
ноџињата да ти ги истријам
и да ти ја сметам одајата
кога ќе дојде време за постела.
Боже, овците и козите мои сите да се твои
Кога мислам на тебе, сетне *еееееееј* и *аааааа* ми доаѓа.“

Мојсеј го чул ова и не можел веќе да се воздржи.
„Кому му зборуваш?“
„На оној кој нѐ создаде,
и ја создаде и земјата и го создаде и небото.“
„Не зборувај тогаш за чевли
и чорапи со Господ! И што е ова со *твоите рачиња*
и ноџиња? Таква богохулна блискост звучи како
да си правиш муабет со чичко ти.
Само на нешто што расне
му треба млеко. Само на нешто со стапала му требаат
чевли. Не на Бога!
Дури и да мислеше на човечките претставници на Бога,
ко како кога Бог рече, „Бев болен, но ти не дојде да ме
посетиш,“
дури и тогаш ваков тон би бил глупав и безбожен.

Употребувај соодветни зборови. *Фатима* е арно име
за жена, но ако на маж му речеш *Фатимо,*
тоа е навреда. Јазикот на телото и раѓањето
е добар за нас од оваа страна на реката,
но не е и за обраќања кон изворот,
не и за Алах.“

Овчарот се покајал и си ја искинал облеката,
и цел воздишки отталкал во пустината.
Ненадежно откровение
му дошло тогаш на Мојсеј. Божјиот глас,
Ме оддели од еден од моите.
Дојде ли како Пророк да соединуваш или да делиш?
На секое битие сум му дал посебен и единствен начин
да видува и да знае и да го споделува тоа знаење.

Она што ти изгледа погрешно тебе е право за него.
Што е отров за едниот е мед за другиот.

Чистотата и нечистотијата,
мрзата и вредноста во обожувањето,
овие ништо не ми значат.
На страна сум од сето тоа.
Различните начини на обожување
не можат да се судат за подобри или полоши еден од
друг.
Индусите прават индиски работи.
Дравидските муслимани во Индија си прават по свое.

Сè е тоа обожување и сè е тоа арно.

Не сум јас обожуван во делата на обожувањето.
Обожувачите се! Не ги слушам зборовите
што ги изговараат. Гледам внатре во кроткоста.

Таа разголена нижност е стварна,
не јазикот! Заборави на изразите.
Сакам пламтење, пламтење.
Спријатели се
со своето пламтење. Опожари си ги мислите
и говорот!
О Мојсеј,
поклониците на убавите обичаи се од еден вид.
Љубовниците кои пламтат
се од друг.
На наметнувај му данок на имот
на изгорената село. Не го прекорувај Вљубениот.
„Погрешниот“ начин на кој зборува е подобар од стоте
„вистински“ начини на другите.
Внатре во Каабата не е важно во кој правец
ќе ја простреш молитвената черга!
На нуркачот не му требаат чизми за снег!
На љубовната религија не ѝ требаат закони ниту наука.
Само Бог.
Та на рубинот немало ништо изгравирано.
Не му ни требаат знаци.

Бог почнал да му кажува
подлабоки тајни на Мојсеј. Здаденија и зборови

што не можат овде да се запишат, се излиле во него
и низ него. Се напуштил себеси и се вратил.
Отишол во вечноста и се вратил овде.
Многупати ова се случило.
Глупаво е од мене
да се обидувам ова да го кажам. Да го кажев,
ќе го искоренеше сиот човеков ум.
Ќе се скршеа сите моливи.

Мојсеј потрчал по овчарот.
Ги следел збрканите стапки,
на едно место, прави како од топ на шаховска табла.
На друго, коси како од ловец.
Де се креваат како врв на бран,
де се лизгаат надолу како риба,
а стапалата сетне
му цртаат геомантички симболи во песокот,
ја бележат неговата состојба на лунѕање.
Мојсеј конечно го настигнува.
„Не бев во право. Бог ми откри
дека нема правила на обожување.
Зборувај како
твојата љубов ти вели. Твоето мило богохулство
е највистинската посветеност. Низ тебе цел еден свет
се ослободува.
Одврзи си го јазикот и не грижи се што ќе излезе.
Сето тоа е светлоста на духот.“
Овчарот му возвратил,
„Мојсеј, о Мојсеј, отидов подалеку дури и од тоа.
Удри со камшикот и мојот коњ се уплаши и скокна

сам. Божествената природа и мојата човечка природа
се споија.
Благословена да ти е прекорната дланка и твојата
рака.
Не можам да искажам што ми се случи.
Ова што сега го велам
не е мојата вистинска состојба. Не може да се изрече.“

Овчарот замолкнал.

Кога гледаш во огледалото,
се гледаш себеси, не состојбата на огледалото.
Свирачот дава здив во свирката,
но кој ја прави музиката? Не свирката.
Свирачот!

Кога и да го воспеваш
или да му благодариш на Бога, секогаш е како
оваа мила едноставност на овчарот.

Кога со време конечно прогледуваш
низ превезите во тоа како нештата навистина се,
ќе продолжиш да повторуваш,
„Ова сигурно не е така како
што мислевме дека ќе биде!“

Два вида на трк

Некој човек имал љубоморна жена
и многу, многу лична слугинка.

Жената мошне внимавала никогаш да не ги остави
насамо. Цели шест години човекот и слугинката
не се нашле на само.
Но тогаш, еден ден во амамот,
жената одеднаш се сетила
дека си го заборавила сребрениот леген дома.

„Те молам, оди, донеси ми го легенот,“
ѝ порачала на слугинката.
Девојкава скокнала да ја изврши задачата, оти знаела
дека конечно ќе биде насамо
со господарот. Потрчала среќно,
полетала,
и страст ги зафатила обајцата толку нагло
што не ја ни забравиле вратата.

Мошне брзо се сплотиле.
Кога телата се спојуваат во однос,
духовите исто се слеваат.

Во меѓувреме, жената во амамот
си ја мие косата, „Што ли сторив!
Фрлив искра на товар памук!
Го пуштив овнот со јагнето!“

Го измила сапунот од косата и се загнала,
во трк местејќи си го превезот.

Слугинката трчала од љубов. Жената трчала од страв
и љубомора. Има голема разлика.

Дервишот лета од миг во миг.
Богословот, плашлив, се влече од месец во месец.

Туку, исто, должината на „денот“ за љубовникот
може да е педесет илјади години!

Не можеш ова да го сфатиш со разумот.
Мора да избликнеш.

Стравот ништо не е за љубовникот, кратко конопче.
Љубовта е својство на Бога. Стравот е својство
на оние кои мислат дека му служат на Бога, но се всушност
опседнати со мандало и со дунда.

Си прочитал во писанијата дека *Го љубат*
се прелева во *Ги љуби.*
Овие слеани љубови
обете се својства на Бога. Стравот не е.

Што е заедничко меѓу Бог
и човечките битија? Каква е врската меѓу
она што живее во вечноста и она што живее во времето?

Ако продолжам да говорам за љубовта,
стотици нови вкрстувања ќе се случат,
а сепак не ќе ја изречам тајната.

Плашливиот богослов трча пеш, по површината.
Љубовниците се движат како молња и ветар.
Нема натпревар.
Учените џагорат, брборат,
нужност и слободна волја,
додека вљубениот и љубената
се вовлекуваат еден во друг.

Загрижената жена стигнува до вратата
и ја отвора.
Слугинката, распетлана, збунета, вцрвена,
не може ни збор да изусти.
Мажот се прави дека се моли.

Жената влетува среде оваа збрка.
Како да ги опитува алиштата,
мажот си ги крева скутовите и ракавите.

Жената му ги гледа јајцата и мандалото толку влажни,
семе сѐ уште капе, дамки од влага и женски сок
ѝ ги топат бедрата на слугинката.
Жената му удира шлаканица
по главата.
„Вака ли се моли маж, со јајцата?
По вакво ли единство ти тежнее мандалото?
Затоа ли бедрата ѝ се прекриени со ова?“

Ова се добри прашања што таа
му ги поставува на својот „богољубив“ сопруг!

Луѓето кои си ги потиснуваат страстите
често стануваат, одеднаш, дволични!

Значењето на мајсторството

Имало еднаш една слугинка
која вешто го обучила магарето
да ја услужува како маж.

Од тиква изделкала луле
да пасува на магарешкото мандало,
да го спречува да навлезе предлабоко во неа.

Ја скратила токму до точката
на своето задоволство и многу си уживала
во спојот, што почесто можела.

Таа цветала, но магарето
слабеело и изгледало исцрпено.

Господарката почнала да се сомнева. Еден ден
ѕирнала низ дупчето во вратата
и ги видела прекрасниот магарешки орган
и уживањето на девојката
послана под магарето.

Ништо не рекла. Подоцна, чукнала на вратата
и ја пратила девојката по работа,
ѝ дала долга и сложена задача.
Да не навлегувам во поединости.

Слугинката сепак знаела за што се работи.

„О господарке моја,“ си помислила,
„не треба да го тргаш мајсторот на страна.

Кога почнуваш да делуваш без целосно познавање,
си го ризикуваш животот. Срамот те спречува
да ме прашаш за тиквата, но мораш
да ја имаш за да се сплотиш со магарево.
Има марифет овде што ти не го знаеш!“

Но господарката премногу се воодушевила со помислата
за да размислува за некаква опасност.
Го повела магарето во одајата
и ја забравила вратата, мислејќи си, „Ако нема никого во близина,
можам да врискам од задоволство.“
Растресена
во исчекувања, дундата ѝ сјае
и пее како славеј.

Поставила стол под магарето,
ко што видела слугинката да прави. Ги кренала нозете
и го повлекла животното на себе.
Пламенот ѝ се распалил
и магарето учтиво турнало ко што го терала,
турнало длабоко внатре во нејзината утроба
и таа, без збор да стигне да пропелтечи, умрела.

Столот паднал на една страна,
таа на друга.

Одајата се прекрила со крв.
Читателу,
си видел ли некој да стане маченик
за магаре? Сети се што Коранот
вели за маките на посрамувањето.

Не ѝ го жртвувај животот на својата животинска душа!

Ако умреш од она што те води кон неа,
ист си како таа жена на подот.
Слика е и прилика на неумереност.

Сети се на неа
и среди се.

Слугинката се враќа и вели, „Да, го виде
моето задоволство, но не ја виде тиквата
што го ограничуваше. Отвори
своја продавница пред мајсторот
да те поучи на занаетот.“

Месење леб

Имало еднаш гозба. Владетелот
пиел од сесрце.

Туку видел како еден учен човек минува.
„Доведете го и дајте му
од виново.“

Слугите истрчале надвор и го привеле човекот
на кралската трпеза, но овој не бил
благодарен. „Порадо би испил отров!
Никогаш не сум вкусил вино и никогаш нема да вкусам!
Тргнете го од пред мене!“

Учениот продолжил сетне гласно да одбива
и ја реметел веселбата.

Вака е понекогаш на Божјата трпеза.

Некој кој *чул* за занесна љубов,
но никогаш не ја вкусил, ја ремети гозбата.

Да имаше таен премин
од увото до грлото, сè
би било инаку за него. Би дошло до просветлување.

Каков што е, тој е сет оган, а без светлост,
сет кора, а без јадро.

Владетелот наредува, “Пехарнику,
стори што треба.“

Вака твојот невидлив водич делува,
шаховскиот првак отспротива
кој секогаш победува. Пехарникот го зграбил
за рака учениот и му заповедал,
„Вкуси го!“
и „Уште еднаш!“
Пехарот се испразнил
и учениот почнал да пее
и да кажува бесмислени шеги.

Пошол во градината, си пуцкал со прсти
и се тетеравел. Наскоро, се разбира,
му се примочало.

Отишол по надвор, и таму, крај нужникот,
видел прекрасна жена, една од кралскиот харем.

Устата му се разјапила. Ја посакал!
Токму таму, ја посакал!
А и таа немала ништо против.

Паднале еден врз друг на земја.

Си видел како пекарот меси тесто.
Прво нежно го меси,
потоа погрубо.

Го удира од даската.
Тоа меко јачи под неговите дланки.
Сега пак го распостила
и го тенчи.

Потем го фрла на куп
и го меси повторно
во тенка кора. Сега додава вода
и арно го меша.

Сега пак сол,
па уште малку сол.

Па го обликува внимателно
во крајниот облик
и го става во печката
што се разбаботила.

Сети се на месењето леб!
Вака твојата страст
се меша со посакуваното.

И не е ова само метафора
за маж и жена што водат љубов.

Воините во бој го прават истото.
Великата заемна прегратка вездeн се случува
меѓу вечното и смртното,
меѓу суштината и случајот.

Натпреварите имаат различни правила
секако, но во основа
се исти, та запамети:

Како што водиш љубов, така и Бог ќе биде со тебе.

И така двајцава потонале во љубовен занес.
Не им текнувало веќе ни за гозба
ни за вино. Очите им се затвориле
ко калиграфски линии во совршен одраз.

Владетелот излегол да го побара учениот
и кога ги видел така спарени, промрморил,

„Добро, како што се вели, 'Добриот владетел
мора да ги послужува поданиците од сопствената трпеза!'“

Постои радост, слобода налик опиеност
што го раствора умот и го окрепува
духот, и постои машка снага
како онаа на владетелот, умност
што ја прифаќа збунетата изгубеност.

Но мисли сега на постојаноста
и на јасноста, и нека овие ти бидат крилја
што се креваат и те возвишуваат во небесните сфери.

Омар и харфистот

Еден надарен харфист на старост го изгубил гласот и осиромашил до толку што ни леб не можел да си купи. Отишол на гробиштата во Медина и засвирил на харфата, низ песна да му ја искаже својата жалост на бога и се молел за доволно пари да си купи нови жици за харфата. Калифот Омар, придружник на Пророкот Мухамед и негов втор наследник, зачул глас од небесата што му заповедал да му однесе златници на човекот кој спие на гробиштата. Омар го нашол старецот и му ги дал златниците, но харфистот ја скршил харфата, се покајал за својата врзаност за музиката и започнал да се моли и да плаче на глас. Во Маснавијата, Руми вака го кажува она што Омар му го рекол на харфистот:

Омар вака му рекол на харфистот,
„Овој плач твој е знак и на твојата трезвеност.
Но да се изгуби сопството потребно е нешто друго,
оти трезвеноста е уште една грешка на дервишот.
Трезвеноста доаѓа од сеќавање на минатото
– минатото и иднината се велови на бога.
Фрли ги обете во оган.
Уште колку долго ќе се зачворуваш од двеве како трска?
Сè додека трската има чворови, не е доверител на тајни
и не им е придружник на усните и појот на кавалџијата.
Кога вртиш околу Каабата,
се затвораш во себе низ круговите.
Кога дома се враќаш, пак си во себе.
Знаењето не ти досега до Оној кој знаењето го дава.
Покајанието ти е полошо од гревот.
Бараш опрост за минатото.
Кажи, кога ќе се покаеш за каењето?

Кога Омар станал огледало на неговите тајни,
душата на старецот се разбудила внатре.
Останал тој без плач и без смеа, исто како душата.
Старата душа му заминала, нова оживеала.
Така се вчудоневидел однатре
што досегнал над земјата и небото.
Потрага и барање над потрагата и барањето.
Не знам како да го опишам ова. Ако ти знаеш, речи!

Состојба и израз вон состојбите и изразите.
Старецот се потопил во Убавината на великиот бог.
Потопување од кое нема спас и за кое
никој не може да знае – освен Морето.
...
Да се дојде до ваква радост и убавина,
мора да се ризикуваат илјада души.
Кога ловиш во шумата на душата, биди сокол.
Ризикувај го животот, исто како сонцето на светот.

Обилно сонце паѓа расфрлајќи си го животот.
Сетне се празни за потоа да се наполни пак.
О Сонце на Стварноста! Расфрлај се со животот,
нека новост се појави во овој стар свет!
Душата и духот утечуваат
од невидливиот свет
во човековото постоење.

Содржина:

Кон препевот
Руми – историја, живот и дело

Виното, меаната
Кој ли говори низ мојата уста?
Сосем во ред
Детска игра
Посебно јадење
Новото правило
Видов како добрината се опива
Постојан разговор
Имам пет нешта да кажам
Заедница на духот
Зошто е виното забрането
Пијаница
Надвор, страста на тревата

Љубовта, Пријателот
Дар без причина
Внатре во оваа нова љубов умри
Вреќа за храна
Каде сме?
Мислиш дека знам што правам?
Чиста тишина
Мешано јаболко
Единствената обврска
Го гледам ликот
Ко смоква
Узда и слобода
Едно нешто згрешив
Добра зделка

Ова срце
Ноќ полна разговор што боли
Мојата најлоша навика
Ноќен разговор
Оган на полноќ
Шаторот
Алем-камен на изгревот
Полет
Стави сè на ризик за љубовта
Како во сон
Вака
Љубовници
Несоница
Капка надеж
Како мислиш?
Испив отров
Џитни го лекарот
И да викам и да не викам
Влакно по влакно
Несомнено

Огледалото, одразот

И огледало и одраз
Без знаме
Јас сум скулптор
Само дом сум
За сета вечност
Огледало без тајни
Ова е љубов
Скришни места
Лисја само што непаднати
Ко небото во водата
Дарот на водата

Без очекувања
Исус сака некого да воскресне
Спиј си сега пак
Од што Исус бега

Патот, здивот

Само здив
Патот
Вљубени во воздухот
Посебна полјана
Не заспивај пак
Писмо
Одбиј се од дојката
Најубав си кога ловиш
Стебленце билка
Удави се во морето
Бранот на заветот
Мир среде луња
Ништо заедничко
Кројачот кој кине
И Тој е со тебе
Оние што не ја сетат оваа љубов
Гостилницата
Кој сетне преметнува?
Сто и прв пат
На Денот на Воскресението
Грашокот на готвачот
Грне паднато од кровот
Жетва
Копнежот е одговор
Северен ветар
Учење
Што е суфизмот

Приказните

Вистинската мажественост
Мојсеј и овчарот
Два вида на трк
Значењето на мајсторството
Месење леб
Омар и харфистот

Мевлана Џалал ал-Дин Руми
СКАПОЦЕНИОТ КАМЕН НА ВОДАТА: ИЗБОР СТИХОВИ

превод од англиски јазик: Ана Пејчинова
соработник при препев: Фросина Стојковска
лектура: Снежана Штрковска
2010